# СОДРЖИНА


***ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА***

- ***Враќање на финансиска поддршка за исплата на палти и претворање во грант .......................................5***

- ***Поднесување на барање за враќање на применета финансиска поддршка за исплата на плати, придонеси и исплатени финансиски средства на вршители на самостојна дејност и претворање на финансиска поддршка во гранд.....................................40***

***ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА***

- ***Отказ од деловни причини (технолошки вишок)......………….............………………......62***

***ТЕКОВНИ ИНФОРМАЦИИ***

- ***Плати за месец Февруари 2021 година.........................................................................73***
- ***Коефициент на МДБ за Јануари 2020 година.........................................................................92***
- ***Коефициенти на пораст на цените за месец Јануари 2020 година.........................................................................93***
- ***Цени на гориво......................................................................95***
- ***Казнена законска камата................................................102***
- ***Курсни листи ..................................................................104***
- ***Рокови за поднесување во Февруари........................................................................111***

***ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ...............................................116***

# ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

*дипл. економист Ромео Костадинов*

## ВРАЌАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИ И ПРЕТВОРАЊЕ ВО ГРАНТ

***Применетите субвенции за исплата на плати од пролетниот и есенскиот циклус 2020 година, доделени согласно Уредбата и Законот за финансиска поддршка за исплата на платите, се предмет на враќање или претворање во грант. Условите за враќање и трансформација во грант, се одредени со одредбите од Уредбата и Законот за финансиската поддршка.***

### *ВОВЕД*

Фиксно-прогресивната висина на износите на применета финансиска поддршка, со која субјектите се стекнаа во пролетниот и есенскиот циклус од 2020 година, повлекува и соодветна обврска за враќање.

Со одредбите од член 7 став 1 од Уредбата за финансиска поддршка на работодавачите, погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот Covid-19, заради исплата на платите за месеците 04, 05 и 06 2020 година („Службен весник на РСМ'' 111/20...154/20), е предвидена обврската за враќање на поддршката.

Финансиската поддршка за исплата на плати е неповратна, за корисникот кој согласно Уредбата исполнува одредени услови, за трансформација на поддршката во грант.

Со одредбите од член 9 став 1 од Законот за финансиска поддршка на работодавачите, погодени од здравствено – економската криза предизвикана од вирусот Covid – 19, заради исплата на платите за месеците 10, 11 и 12 2020 година („Службен весник на РСМ'' 267/20) **исто така** е предвидена обврската за враќање на применета поддршката.

Основна разлика помеѓу пролетниот и есенскиот циклус на финансиска поддршка, секако е непостоењето на можноста за претворање на обврската за враќање во грант, односно за модификација во неповратна поддршка, во есенскиот циклус. Непостоењето на пропишани услови за премин на финансиската поддршка во грант, не ја исклучува можноста за невраќање на загубарите.

Законот предвидуваше истоветен начин на стекнување со финансиската поддршка, како и Уредбата, со користење на претходно одобрено барање и поднесување на МПИН.

Разликите се појавуваа во начинот на утврдување и референтниот период за утврдување на падот на приходите и поврзаните субвенции, со висината на падот на приходите.

Заштитни мерки и казнени одредби за спречување на злоупотребата на средствата од финансиската поддршка, односно нивната ненаменска употреба или исплата на понизок износ од доделениот износ за вработените, се пропишани со уредбата и законот за финансиска поддршка.

Соодветните законски одредби и одредби од уредбата, врз основа на кои правните субјекти се стекнуваат со финансиската поддршка, предвидувааат истоветни услови во поглед на начинот и роковите на враќање на финансиската поддршка, со која во 2020 година се стекнаа примателите.

Согласно законот и Уредбата, износот за враќање, не може кумулативно да го надмине износот од 50% од остварениот финансиски резултат пред оданочување за 2020 година, зголемен за износот на оданочивите расходи и помалку искажаните приходи во ДБ за обврзниците на данокот на добивка; за обврзниците на годишниот данок на вкупен приход, не може да го надмине износот од 50% од финансискиот резултат пред оданочување искажан во БУ, односно за вршителите на дејност, не може да го надмине износот од 50% од износот на искажаниот финансиски резултат пред оданочување во Билансот на приходи и расходи (образец Б) за 2020 година, зголемен за непризнаените расходи за даночни цели во годишниот ДБ за утврдување на ДЛД од вршење на самостојна дејност.

## *1. ВРАЌАЊЕ НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА*

Враќањето на финансиската поддршка е предвидено и со Уредбата и со Законот и помеѓу нив не постојат спротивставени одредби во поглед на начинот на пресметување на износот на враќање и за постапката на остварување на обврската за враќање на примената финансиска поддршка.

Различните типови на годишни даночни обврзници износот на враќање го определуваат спрема утврдени даночни основици за соодветниот вид на годишен корпорациски или персонален данок, согласно видот на обврзникот.

Кај сите видови на обврзници кои иако се разликуваат според видот на годишен данок на финансискиот резултат, износот на враќање и определен како максимален износ до 50% од финансискиот резултат или даночната основица, за поддршка за плати и придонеси од ЗСО.

### *1.1 Работодавач обврзник на ДБ*

Обврската за враќање на примената финансиска поддршка за работодавачот кој е обврзник за пресметување на данок на добивка врз основа на даночен биланс (Образец ДБ), ја утврдува на основа на финансискиот резултат, корегиран за износот на даночно непризнатите расходи и помалку искажаните приходи, за платите и ПЗСО.

Односно обврзникот за плаќање на данокот на добивка го определува износот за враќање на примената финансиска поддршка спрема утврдената даночна основица од АОП 40 од Образец ДБ.

Согласно одредбите од член 9 став 1 од Законот за финансиска поддршка на платите, работодавачот кој го искористил правото на финансиска поддршка за исплата на плата согласно со овој закон има обврска примените финансиски средства да ги врати во Буџетот на РС Македонија.

Износот за враќање може да се утврди во висина најмногу до износот од 50% од остварениот финансиски резултат пред оданочување за 2020 година, зголемен за износот на оданочивите расходи и помалку искажаните приходи во Даночниот биланс за обврзниците на данокот на добивка.

### *1.2 Обврзник на годишен данок на вкупен приход*

За обврзниците на годишниот данок на вкупен приход, износот на враќање на применaта финансиска поддршка, се определува од остварената добивка за 2020 година.

Разликата кај основицата за враќање помеѓу обврзниците на данокот од ДБ и ДБ-ВП произлегува и до специфичната разлика на начинот на плаќање на данокот на добивка.

Обврзниците на ДБ-ВП не утврдуваат даночно непризнати расходи за пресметување и плаќање на данокот на добивка, туку истиот го плаќаат од остварениот вкупен приход.

Соодветно и износот за враќање на применaта финансиска поддршка се определува од добивката, која не се корегира за даночно непризнати расходи, затоа што за истите не се утврдуваат даночно непризнати расходи, кои би ја зголемувале основицата за данокот, а со тоа и основицата за поддршката.

Финансиската поддршка за враќање, за обврзниците на данокот на добивка врз основа на вкупен приход се утврдува на најмногу до износот од 50% од финансискиот резултат пред оданочување искажан во БУ, за платите и ПЗСО.

### *1.3 Самостојни вршители на дејност и ТП*

Самостојните вршители на дејност, односно трговците поединци за рзлика од обврзниците на вкупен приход износот за враќање на финансиката поддршка го корегираат за износот на даночно непризнаетните даночни расходи за данок на личен доход, кои се определуваат во даночниот биланс за ДЛД.

Самостојните вршители на дејност и трговците поединци износот за враќање на финансиска поддршка го определуваат, најмногу до износот од 50% од износот на искажаниот финансиски резултат пред оданочување во Билансот на приходи и расходи (образец Б) за 2020 година, зголемен за непризнаените расходи за даночни цели во годишниот Даночен биланс за утврдување на данокот на доход од вршење на самостојна дејност.

Износот кумулативно се определува во висина од 50% од основицата, за помошта од двата циклуса од 2020 година.

## 2. *БАРАЊЕ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ПЛАТИТЕ ОД ОБВРЗНИК НА ДБ*

Барање за пресметување на износот за враќање на примената финансиска поддршка за исплата на плати, поднесува примателот на финансиска поддршка.

Образецот – барањето за пресметка, се поднесува пооделно за циклусот во кој има примено финансиска поддршка (пролетен или есенски), во зависност дали примил за периодот.

Барањето се поднесува согласно видот на даночниот обврзник за данок на добивка, и начинот на плаќањето на данокот на добивка, односно на данокот на личен доход.

### *2.1. Барање за враќање на финансиска поддршка за месеците АПРИЛ, МАЈ и ЈУНИ/2020 година*

Работодавачот кој го искористил правото на финансиска поддршка за исплата на плати, има обврска примените финансиски средства да ги врати во Буџетот на РСМ, но најмногу до износот од 50% од остварениот финансиски резултат пред оданочување за 2020 година, зголемен за износот на оданочивите расходи и помалку искажаните приходи во Даночниот биланс за обврзниците на данокот на добивка.

Согласно одредбите од член 7 став 2 од Уредбата и член 12 став 2 од Законот, работодавачот кој го искористил правото на финансиска поддршка за исплата на плати и кој не искажал даночна основа за оданочување во Даночниот биланс („образец ДБ"), износот на примена финансиска поддршка за исплата на плати, нема да ја врати во Буџетот на РМ, доколку нема обврски по основ на неплатени даноци и придонеси.

За пресметување на износот за враќање на примената финансиска поддршка, работодавачот поднесува Барање за пресметување на износот за враќање на примената поддршка до УЈП на образец ДД-ГДВП/БВФП-1. Образецот се поднесува најкасно до рокот за поднесување на ДБ за 2020 година односно до 25.03.2021 (продолжен рок за поднесување ДБ и ДД-ГДВП/БВФП-1 за 2020, согласно објавата на УЈП од 12.03.2021 година).

Основицата за пресметка на износот на враќање се утврдува од АОП 40 од даночниот биланс за 2020 година.

Согласно член 7 став 2 од Уредбата и член 12 став 2 од Законот, обврска за Образецот ДД-ГДВП/БВФП-1 пресметка на

износот за враќање, има обврзникот со позитивна основица на АОП 40 во ДБ или има неплатени даноци и придонеси.

Покрај обврската која со Законот е пропишана за поднесување на барање за пресметка на износот за враќање, со известување од страна на УЈП, објавено на 19.02.2021 година, **сите приматели на финансиска поддршка**, без оглед на резултатот, односно и во услови на непостоење на позитивна основица на АОП 40 од ДБ, **задолжително поднесуваат Образец ДД-ГДВП/БВФП-1**.

**Пример: 1.** Субјектот “XXX” ДОО Скопје, има примено финансиска поддршка за април, мај и јуни во износ од 200.000,00 МКД. Добивката за 2020 година (АОП 01 од ДБ) е утврдена во износ од 250.000,00 МКД, а збирот од даночно непризнатите расходи (АОП 02 од ДБ) изнесува 70.000,00 МКД. Врз основа на наведените податоци субјектот на АОП 40 од ДБ има износ од 320.000,00 МКД и поднесува ДД-ГДВП/БВФП-1:

Субјектот не поднел Б-ПФПГ (нема инвестиции) бидејќи не исполнува услови за претворање во грант.

А. Пресметка на износот за враќање на применета финансиска поддршка за исплата на плати за обврзниците на данок на добивка.

| | |
|---|---|
| 1. **Финансиски резултат во Биланс на успех утврден како <u>добивка</u> или загуба пред оданочување** (АОП 01 од „образец ДБ" за 2020 година) | 250.000 |
| 2. **Оданочиви расходи и помалку искажани приходи за даночни цели** (АОП 02 од „образец ДБ" за 2020 година) | 70.000 |
| 3. **Даночна основа за 2020 година** (АОП 40 од „образец ДБ" за 2020 година (реден број 1 + реден број 2)) | 320.000 |
| 4. **Износ од 50% од остварениот финансиски резултат пред оданочување за 2020 година, зголемен за износот на оданочивите расходи и помалку искажани приходи во ДБ** (реден број 3 x 50 %) | 160.000 |
| 5. **Износ на финансиска поддршка за исплата на плати кој го искористил работодавачот** | 200.000 |

**Обврска (делумна) за враќање: 160.000,00 МКД, од примени 200.000 враќа износ од 160.000 МКД.**

**Пример: 2.** Субјектот “ХХХ” ДОО Скопје, има примено финансиска поддршка за април, мај и јуни во износ од 500.000,00 МКД. Добивката за 2020 година (АОП 01 од ДБ) е утврдена во износ од 950.000,00 МКД, а збирот од даночно непризнатите расходи (АОП 02 од ДБ) изнесува 90.000,00 МКД. Врз основа на наведените податоци субјектот на АОП 40 од ДБ искажал износ од 1.040.000,00 МКД и не исполнува услови за претворање на поддршка во грант.

Субјектот при тоа ќе го поднесе следното барање:

А. Пресметка на износот за враќање на примената финансиска поддршка за исплата на плати за обврзниците на данок на добивка.

| | |
|---|---|
| **1.Финансиски резултат во Биланс на успех утврден како <u>добивка</u> или загуба пред оданочување** (АОП 01 од „образец ДБ“ за 2020 година) | 950.000 |
| **2. Оданочиви расходи и помалку искажани приходи за даночни цели** (АОП 02 од „образец ДБ“ за 2020 година) | 90.000 |
| **3. Даночна основа за 2020 година** (АОП 40 од „образец ДБ“ за 2020 година/реден број 1 + реден број 2) | 1.040.000 |
| **4. Износ од 50% од остварениот финансиски резултат пред оданочување за 2020 година, зголемен за износот на оданочивите расходи и помалку искажани приходи во Даночниот биланс ДБ** (реден број 3 x 50 %) | 520.000 |
| **5. Износ на финансиска поддршка за исплата на плати кој го искористил работодавачот** | 500.000 |

**Обврска (целосен поврат на поддршката) за враќање: 500.000,00 МКД, од вкупно примени 500.000,00.**

Во вториот пример, максималната основица за враќање на износот на финансиската поддршка во висина од 50% од износот на добивката зголемена со даночно непризнатите расходи од ДБ е повисока од износот на примената финансиска поддршка. Обврската за враќање на финансиската поддршка не смее да надмине 50% од износот на добивката зголемена за даночно непризнатите расходи, но во никој случај не е повисока од примениот износ на финансиска поддршка.

Во примерот субјектот е обврзан да ја врати целосно примената финансиска поддршка, заради повисоката основица, 50% од добивката зголемена за даночно непризнатите расходи.

**Пример: 3** Субјектот “XXX” ДОО Скопје, има примено финансиска поддршка за април, мај и јуни во износ од 200.000,00 МКД. За 2020 година остварил загуба (АОП 01 од ДБ) во износ од 250.000,00 МКД, а збирот од даночно непризнатите расходи (АОП 02 од ДБ) изнесува 70.000,00 МКД. Врз основа на наведените податоци не исполнува услови за поднесување Б-ПФПГ ( за претворање во грант) субјектот на АОП 40 од ДБ има износ од 0,00 МКД и поднесува следна ДД-ГДВП/БВФП-1:

А. Пресметка на износот за враќање на примената финансиска поддршка за исплата на плати за обврзниците на данок на добивка.

| | |
|---|---|
| **1. Финансиски резултат во Биланс на успех утврден како добивка или загуба пред оданочување** (АОП 01 од „образец ДБ“ за 2020 година) | -250.000 |
| **2. Оданочиви расходи и помалку искажани приходи за даночни цели** (АОП 02 од „образец ДБ“ за 2020 година) | 70.000 |
| **3.Даночна основа за 2020 година** (АОП 40 од „образец ДБ“ за 2020 година/реден број 1 + реден број 2) | -180.000 |
| **4. Износ од 50% од остварениот финансиски резултат пред оданочување за 2020 година, зголемен за износот на оданочивите расходи и помалку искажани приходи во Даночниот биланс ДБ** (реден број 3 x 50 %) | 0,00 |
| **5. Износ на финансиска поддршка за исплата на плати кој го искористил работодавачот** | 200.000 |

**Непостои обврска (делумна или целосна) за враќање од примената финансиска поддршка од 200.000 МКД. Износ за враќање “0” (нула) МКД.**

Согласно одредбите од член 9 од Законот за финансиска поддршка, обврска за враќање на финансиска поддршка се утврдува кај субјектите кои имаат остварено позитивна даночна основа од АОП 40 од ДБ (каде износот од 50% од добивката и даночно непризнатите расходи претставува позитивна вредност).

Во случајот од пример 3 субјектот нема да има обврска за враќање на применатата финансиска поддршка доколку нема неизмирени други даночни обврски, но задолжително го поднесува ДД-ГДВП/БВФП-1, бидејќи нема услов за Б-ПФПГ ( за претворање во грант) .

**Пример: 4** Субјектот “XXX” ДОО Скопје, има примено финансиска поддршка за април, мај и јуни во износ од 500.000,00 МКД. Загубата за 2020 година (АОП 01 од ДБ) е утврдена во износ од 250.000,00 МКД, а збирот од даночно непризнатите расходи (АОП 02 од ДБ) изнесува 490.000,00 МКД. Врз основа на наведените податоци субјектот на АОП 40 од ДБ искажал позитивен износ од 240.000,00 МКД.

А. Пресметка на износот за враќање на применатата финансиска поддршка за исплата на плати за обврзниците на данок на добивка.

| | |
|---|---|
| **1. Финансиски резултат во Биланс на успех утврден како добивка или загуба пред оданочување** (АОП 01 од „образец ДБ“ за 2020 година) | -250.000 |
| **2. Оданочиви расходи и помалку искажани приходи за даночни цели** (АОП 02 од „образец ДБ“ за 2020 година) | 450.000 |
| **3. Даночна основа за 2020 година** (АОП 40 од „образец ДБ“ за 2020 година/реден број 1 + реден број 2) | 240.000 |
| **4. Износ од 50% од остварениот финансиски резултат пред оданочување за 2020 година, зголемен за износот на оданочивите расходи и помалку искажани приходи во Даночниот биланс ДБ** (реден број 3 x 50 %) | 120.000 |
| **5. Износ на финансиска поддршка за исплата на плати кој го искористил работодавачот** | 500.000 |

**Делумна обврска за враќање во висина од 120.000,00 МКД, односно од примени 500.000,00 поддршка субјектот враќа износ од 120.000 МКД.**

Обврската за враќање на финансиската поддршка не смее да надмине 50% од износот на добивката зголемена за даночно непризнатите расходи, согласно одредбите до член 9 од Законот, но во ниеден случај износот за враќање не надминува над примениот износ на финансиска поддршка.

Во наведениот случај од пример 4, субјектот е обврзан да врати делумен износ (120.000 МКД) од примената финансиска поддршка (500.000), заради повисоката основица над загубата, добиена од даночно непризнатите расходи од ДБ (50% од добивката / загубата, зголемена за даночно непризнатите расходи).

### *2.2. Барање за враќање на финансиска поддршка за месеците ОКТОМВРИ, НОЕМВРИ, и ДЕКЕМВРИ/2020 година*

За пресметување на износот за враќање на примената финансиска поддршка, за 10, 11 и 12/2020, работодавачот (обврзник на ДБ), поднесува Барање за пресметување на износот за враќање на примената поддршка до УЈП на образец ДД-ГДВП/БВФП-2. Образецот се поднесува најкасно до рокот за поднесување на ДБ за 2020 година, односно до 25.03.2021 (продолжен рок за поднесување ДБ и ДД-ГДВП/БВФП-2 за 2020, согласно објавата на УЈП од 12.03.2021 година).

образецот задолжително се поднесува и при остварен негативен финансиски резултат (објава на УЈП), затоа што за есенскиот циклус не постои можност за претворање во грант.

***Пример: 1*** Субјектот “XXX” ДОО Скопје, има примено финансиска поддршка за октомври, ноември и декември во износ од 200.000,00 МКД. Добивката за 2020 година (АОП 01 од ДБ) изнесува 500.000,00 МКД, а збирот од даночно непризнатите расходи (АОП 02 од ДБ) 100.000,00 МКД. Врз основа на податоците субјектот на АОП 40 од ДБ искажува 300.000,00 МКД и поднесува ДД-ГДВП/БВФП-2:

А. Пресметка на износот за враќање на примената финансиска поддршка за исплата на плати за обврзниците на данок на добивка.

| | |
|---|---|
| **1. Финансиски резултат во Биланс на успех утврден како добивка или загуба пред оданочување** (АОП 01 од „образец ДБ" за 2020 година) | 500.000 |
| **2. Оданочиви расходи и помалку искажани приходи за даночни цели** (АОП 02 од „образец ДБ" за 2020 година) | 100.000 |
| **3. Даночна основа за 2020 година** (АОП 40 од „образец ДБ" за 2020 година/реден број 1 + реден број 2) | 600.000 |
| **5. Износ од 50% од остварениот финансиски резултат пред оданочување за 2020 година, зголемен за износот на оданочивите расходи и помалку искажани приходи во ДБ** (реден број 3 x 50 %) | 300.000 |
| **5. Износ на финансиска поддршка за исплата на плати кој го искористил работодавачот** | 200.000 |

Согласно сметководствените податоци субјектот има обврска да ја врати вкупната поддршка, која ја добил за периодот од 10-12/2020, поради повисоката основица за враќање (50% добивка + непризнати расходи) од поддршката.

***Пример: 2*** Субјектот “ХХХ” ДОО Скопје, има примено финансиска поддршка за октомври, ноември и декември во износ од 200.000,00 МКД. Добивката за 2020 година (АОП 01 од ДБ) е утврдена во износ од 250.000,00 МКД, а збирот од даночно непризнатите расходи (АОП 02 од ДБ) изнесува 70.000,00 МКД. Врз основа на наведените податоци субјектот на АОП 40 од ДБ има износ од 320.000,00 МКД и поднесува ДД-ГДВП/БВФП-2:

А. Пресметка на износот за враќање на примената финансиска поддршка за исплата на плати за обврзниците на данок на добивка на ДБ образец.

| | |
|---|---|
| **1. Финансиски резултат во Биланс на успех утврден како добивка или загуба пред оданочување** (АОП 01 од „образец ДБ" за 2020 година) | 250.000 |
| **2. Оданочиви расходи и помалку искажани приходи за даночни цели** (АОП 02 од „образец ДБ" за 2020 година) | 70.000 |
| **3. Даночна основа за 2020 година** (АОП 40 од „образец ДБ" за 2020 година/реден број 1 + реден број 2) | 320.000 |
| **4. Износ од 50% од остварениот финансиски резултат пред оданочување за 2020 година, зголемен за износот на оданочивите расходи и помалку искажани приходи во Даночниот биланс ДБ** (реден број 3 x 50 %) | 160.000 |
| **5. Износ на финансиска поддршка за исплата на плати кој го искористил работодавачот** | 200.000 |

***Делумна обврска за враќање на: 160.000,00 МКД. Од примени 200.000,00 се враќа дел од примената финансиска поддршка во износ од 160.000 МКД.***

Обврската за враќање на финансиската поддршка за периодот април – јуни и октомври – декември, се утврдува кумулативно во висина од 50% од добивката зголемена за даночно непризнатите расходи.

Врз основа на параметрите од АОП 40 од ДБ, основицата за враќање на примената финансиска поддршка за субјектот за двата циклуси на поддршка (пролетен и есенски) изнесува 160.000,00 МКД кумулативно.

***Пример: 3*** Субјектот “ХХХ” ДОО Скопје, има примено финансиска поддршка за октомври, ноември и декември во износ од 200.000,00 МКД. За 2020 година остварил загуба (АОП 01 од ДБ) во износ од 250.000,00 МКД, а збирот од даночно непризнатите расходи (АОП 02 од ДБ) изнесува 70.000,00 МКД. Врз основа на наведените податоци субјектот на АОП 40 од ДБ има износ од -180.000,00 МКД и поднесува ДД-ГДВП/БВФП-2:

А. Пресметка на износот за враќање на примената финансиска поддршка за исплата на плати за обврзниците на данок на добивка.

| | |
|---|---|
| **1. Финансиски резултат во Биланс на успех утврден како добивка или загуба пред оданочување** (АОП 01 од „образец ДБ“ за 2020 година) | -250.000 |
| **2. Оданочиви расходи и помалку искажани приходи за даночни цели** (АОП 02 од „образец ДБ“ за 2020 година) | 70.000 |
| **3. Даночна основа за 2020 година** (АОП 40 од „образец ДБ“ за 2020 година/реден број 1 + реден број 2) | -180.000 |
| **4. Износ од 50% од остварениот финансиски резултат пред оданочување за 2020 година, зголемен за износот на оданочивите расходи и помалку искажани приходи во ДБ** (реден број 3 x 50 %) | 0,00 |
| **5. Износ на финансиска поддршка за исплата на плати кој го искористил работодавачот** | 200.000 |

**Непостои обврска за враќање од примената финансиска поддршка од 200.000,00 МКД. Износ за враќање “0” (нула) МКД, поради непостоење на основа за враќање.**

Согласно одредбите од член 9 од Законот за финансиска поддршка, обврска за враќање на финансиска поддршка се утврдува кај субјектите кои имаат остварено позитивна даночна основа од АОП 40 од ДБ (каде износот од 50% од добивката и даночно непризнатите расходи претставува позитивна вредност).

Во случајот од пример 3, субјектот нема обврска за враќање на примената финансиска поддршка, доколку нема неизмирени други даночни обврски, но задолжително го поднесува ДД-ГДВП/БВФП-2. Констатацијата за невраќање се однесува и на образецот ДД-ГДВП/БВФП-1, поради загубата.

***Пример: 4*** Субјектот “ХХХ” ДОО Скопје, има примено финансиска поддршка за октомври, ноември и декември во износ од 500.000,00 МКД. Загубата за 2020 година (АОП 01 од ДБ) е утврдена во износ од 250.000,00 МКД, а збирот од даночно непризнатите расходи (АОП 02 од ДБ) изнесува 490.000,00 МКД. Врз основа на наведените податоци субјектот на АОП 40 од ДБ искажал позитивен износ од 240.000,00 МКД и поднесува следна ДД-ГДВП/БВФП-2.

А. Пресметка на износот за враќање на примената финансиска поддршка за исплата на плати за обврзниците на данок на добивка.

| | |
|---|---|
| **1. Финансиски резултат во Биланс на успех утврден како добивка о или загуба пред оданочување**(АОП 01 од „образец ДБ“ за 2020 година) | -250.000 |
| **2. Оданочиви расходи и помалку искажани приходи за даночни цели** (АОП 02 од „образец ДБ“ за 2020 година) | 490.000 |
| **3. Даночна основа за 2020 година** (АОП 40 од „образец ДБ“ за 2020 година/реден број 1 + реден број 2) | 240.000 |
| **4. Износ од 50% од остварениот финансиски резултат пред оданочување за 2020 година, зголемен за износот на оданочивите расходи и помалку искажани приходи во ДБ** (реден број 3 х 50 %) | 120.000 |
| **5. Износ на финансиска поддршка за исплата на плати кој го искористил работодавачот** | 500.000 |

Делумна обврска за враќање во висина од 120.000,00 МКД, односно од примени 500.000,00 поддршка.

Обврската за враќање на финансиската поддршка не смее да надмине 50% од износот на добивката зголемена за даночно непризнатите расходи, согласно одредбите од член 9 од Законот.

Во ниеден случај износот за враќање не го надминува применот износ на финансиска поддршка.

Во наведениот случај од пример 4, субјектот е обврзан да врати делумен износ (120.000 МКД) од примената финансиска поддршка (500.000), заради повисоката основица над загубата, добиена од даночно непризнатите расходи од ДБ (50% од добивката / загубата зголемена за даночно непризнатите расходи). Субјектот има обврска за враќање на примената финансиска поддршка (120.000) и задолжително го поднесува ДД-ГДВП/БВФП-2. Износот од 120.000 МКД е кумулативен износ за враќање за подршката од двата циклуса.

## *3. БАРАЊЕ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ОД ОБВРЗНИК НА ДБ-ВП*

Работодавачот кој го искористил правото на финансиска поддршка за исплата на плата, согласно законот, има обврска примените финансиски средства да ги врати во Буџетот на РМ.

Износот на враќање на финансиската поддрка за обврзниците на годишниот данок на вкупен приход, е утврден на најмногу до износот од 50% од финансискиот резултат пред оданочување искажан во Билансот на успех.

### *3.1. Барање за враќање на финансиска поддршка за месеците АПРИЛ, МАЈ и ЈУНИ/2020 година*

Согласно објавата на УЈП, покрај обврската која со Законот е пропишана за поднесување на барање за пресметка на износот за враќање на Образец, за субјектите кои се со остварена добивка, образец ДД-ГДВП/БВФП-1, пресметка за враќање поднесуваат и загубарите.

Согласно известувањето од страна на УЈП, објавено на 19.02.2021 година, сите примателите на финансиска поддршка, без оглед на резултатот, односно и во услови на непостоење на позитивен финансиски резултат, задолжително поднесуваат Образец ДД-ГДВП/БВФП-1, ако не поднеле Б-ПФПГ, за претворање на поддршката во грант.

Обврската за загубарите се однесува и за поднесување Образец ДД-ГДВП/БВФП-2 (поддршка од есенскиот циклус), за сите обврзници, затоа што есенскиот циклус не дозволува претворање во грант..

***Пример: 1*** Субјектот "УУУ" кој данокот на добивка го пресметува и плаќа на ДБ-ВП образец, за месец април, мај и јуни, има добиено финансиска поддршка во износ од 200.000,00 МКД. За 2020 остварил позитивен финансиски резултат -добивка за 2020 година (АОП 250 од БУ), која изнесува 500.000,00 МКД.

Врз основа на податоците субјектот пополнува и поднесува ДД-ГДВП/БВФП-1, (пополнува ДЕЛ Б):

Б. Пресметка на износот на враќање на примената финансиска поддршка за исплата на плати за обврзниците на годишен данок на вкупен приход.

| | |
|---|---|
| 1. **Финансиски резултат пред оданочување искажан како добивка пред оданочување во Билансот на успех** (АОП 250 од БУ за 2020 година) | 500.000 |
| 2. **Износ од 50% од финансиски резултат пред оданочување искажан во Билансот на успех за 2020 година** (реден број 1 x 50 %) | 250.000 |
| 3. **Износ на финансиска поддршка за исплата на плати кој го искористил работодавачот** | 200.000 |

**Врз основа на податоците и формираната основа за враќање на поддршката, субјектот "УУУ" ќе ја врати целокупната финансиска поддршка од 200.000 МКД, нема поднесено Б-ПФПГ.**

***Пример: 2*** Субјектот "УУУ" кој данокот на добивка го пресметува и плаќа на ДБ-ВП образец, за месец април, мај и јуни има добиено финансиска поддршка во износ од 200.000,00 МКД. За 2020 остварил позитивен финансиски резултат -добивка за 2020 година (АОП 250 од БУ) на износ од 250.000,00 денари не исполнува услов за Б-ПФПГ.

Врз основа на податоците субјектот пополнува и поднесува ДД-ГДВП/БВФП-1, (пополнува ДЕЛ Б):

Б. Пресметка на износот на враќање на примената финансиска поддршка за исплата на плати за обврзниците на годишен данок на вкупен приход.

| | |
|---|---|
| 1. **Финансиски резултат пред оданочување искажан како добивка пред оданочување во Билансот на успех** (АОП 250 од БУ за 2020 година) | 250.000 |
| 2. **Износ од 50% од финансиски резултат пред оданочување искажан во Билансот на успех за 2020 година** (реден број 1 x 50 %) | 125.000 |
| 3. **Износ на финансиска поддршка за исплата на плати кој го искористил работодавачот** | 200.000 |

**Од податоците и формираната основа за враќање на поддршката, субјектот “УУУ” ќе врати делумен износ од примената финансиска поддршка за месец април, мај и јуни, во износ од 125.000 МКД од вкупно примени 200.000.**

***Пример: 3*** Субјектот “УУУ” кој данокот на добивка го пресметува и плаќа на ДБ-ВП образец, за месец април, мај и јуни има добиено финансиска поддршка во износ од 200.000,00 МКД. За 2020 остварил негативен финансиски резултат - загуба (АОП 251 од БУ) на износ од 250.000,00 денари, не исполнува услови за Б-ПФПП.

Врз основа на податоците субјектот пополнува и поднесува ДД-ГДВП/БВФП-1, (пополнува ДЕЛ Б):

> ***Напомена:*** *Иако во Дел Б од Образец ДД-ГДВП/БВФП-1 во точка 1 се наведува внесување податок од АОП 250 од БУ, согласно објавата од УЈП од 19.02.2021 година, загубарите го впишуваат износот на загубата со негативен предзнак од АОП 251 од БУ за 2020.*

Б. Пресметка на износот на враќање на примената финансиска поддршка за исплата на плати за обврзниците на годишен данок на вкупен приход.

| | |
|---|---|
| 1. **Финансиски резултат пред оданочување искажан како добивка пред оданочување во Билансот на успех** (АОП 250 од БУ за 2020 година) | -250.000 |
| 2. **Износ од 50% од финансиски резултат пред оданочување искажан во Билансот на успех за 2020 година** (реден број 1 x 50 %) | 0,00 |
| 3. **Износ на финансиска поддршка за исплата на плати кој го искористил работодавачот** | 200.000 |

Согласно одредбите од член 9 од Законот и член 7 од Уредбата, враќањето на средствата по основ на примената финансиска поддршка, се врши во случај субјектот обврзник на ДБ-ВП, да има остварено позитивен финансиски резултат за 2020 година и да нема неплатени даноци и придонеси.

Субјектот од пример 3, нема обврска за враќање на финансиска поддршка, поради остварениот негативен финансиски резултат за 2020 година и бидејќи нема неплатени даноци и придонеси. Висината на остварената загуба, нема влијание за враќањето, односно таа може да биде помала или поголема од примената финансиска поддршка и притоа да не предизвикува обврски за враќање, за разлика од обврската за неплатени даноци и придонеси.

### *3.2. Барање за враќање на финансиска поддршка за месеците ОКТОМВРИ, НОЕМВРИ и ДЕКЕМВРИ/2020 година*

Работодавачот кој го искористил правото на финансиска поддршка за исплата на плати и кој не искажал добивка, односно искажал негативен финансиски резултат (загуба пред оданочување) во Билансот на успех, за обврзниците на годишниот данок на вкупен приход кои доставуваат Даночен биланс на вкупен приход „образец ДБ-ВП“, износот на примена финансиска поддршка за исплата на плати нема да ја врати во Буџетот на Република Северна Македонија, доколку нема обврски по основ на неплатени даноци и придонеси.

Согласно известувањето од страна на УЈП, објавено на 19.02.2021 година, сите примател и на финансиска поддршка, без оглед на резултатот, односно и во услови на непостоење на позитивен финансиски резултат, задолжително поднесуваат Образец ДД-ГДВП/БВФП-2, за примена финансиска поддршка во есенскиот циклус во 2020 година.

За поднесување на Образец ДД-ГДВП/БВФП-2 нема исклучоци од поднесување, бидејќи за есенски циклус на поддршка нема предвидено можност за трансформација во грант (не се поднесува Б-ПФПГ).

Притоа износот кој субјектот има обврска да го врати од финансиската поддршка не смее да надмине над 50% од остварената добвика од АОП 250 од Образец БУ за 2020, сметајки на примените финансиски поддршки од двата циклуса (пролетен и есенски) кумулативно.

***Пример: 1*** Субјектот “УУУ” кој данокот на добивка го пресметува и плаќа на ДБ-ВП образец, има остварено позитивен финансиски резултат, добивка пред оданочување за 2020 година, во висина од 420.000,00 МКД.

Финансиска поддршка добиена во есенскиот циклус на поддршка за месеците октомври, ноември и декември, изнесува 200.000,00 МКД и нема неплатени даноци и придонеси.

Врз основа на сметководствените податоци, субјектот “УУУ” задолжително поднесува образец ДД-ГДВП/БВФП-2, за пресметка на износот на враќање на финансиската поддршка, најкасно до 25.03.2021, со пополнет дел “Б” од образецот ДД-ГДВП/БВФП-2, согласно објавата на УЈП од 12.03.2021 година со следната содржина:

Б. Пресметка на износот на враќање на примената финансиска поддршка за исплата на плати за обврзниците на годишен данок на вкупен приход.

| | |
|---|---|
| **1. Финансиски резултат пред оданочување искажан како добивка пред оданочување во Билансот на успех** (АОП 250 од БУ за 2020 година) | 420.000 |
| **2. Износ од 50% од финансиски резултат пред оданочување искажан во Билансот на успех за 2020 година** (реден број 1 x 50 %) | 240.000 |
| 3. **Износ на финансиска поддршка за исплата на плати кој го искористил работодавачот** | 200.000 |

**Врз основа на податоците и формираната основа за враќање на поддршката (50% од АОП 250 од БУ), субјектот “УУУ” ќе ја врати целокупната финансиска поддршка од 200.000 МКД, примена во есенскиот циклус.**

**Доколку субјектот има примено поддршка и од пролетниот циклус, износот кој би го вратил од двата циклуси, кумулативно не смее да надмине износ од 240.000,00 МКД.**

***Пример: 2*** Субјектот “УУУ” кој данокот на добивка го пресметува и плаќа на ДБ-ВП образец, за месец октомври, ноември и декември има добиено финансиска поддршка во износ од 200.000,00 МКД. За 2020 остварил позитивен финансиски резултат - добивка (АОП 250 од БУ) на износ од 250.000,00 денари.

Правниот субјект “УУУ” нема неплатени даноци и придонеси, а Образецот го поднесува до 25.03.2021 година.

Врз основа на податоците субјектот пополнува и поднесува ДД-ГДВП/БВФП-2, (пополнува ДЕЛ Б), со следната содржина:

Б. Пресметка на износот на враќање на применета финансиска поддршка за исплата на плати за обврзниците на годишен данок на вкупен приход.

| | |
|---|---|
| **1. Финансиски резултат пред оданочување искажан како добивка пред оданочување во Билансот на успех** (АОП 250 од БУ за 2020 година) | 250.000 |
| **2. Износ од 50% од финансиски резултат пред оданочување искажан во Билансот на успех за 2020 година** (реден број 1 x 50 %) | 125.000 |
| 3. **Износ на финансиска поддршка за исплата на плати кој го искористил работодавачот** | 200.000 |

**Од податоците и формираната основа за враќање на поддршката, субјектот “УУУ” ќе врати делумен износ од применета финансиска поддршка за месец април, мај и јуни, во износ од 125.000 МКД од вкупно примени 200.000.**

**За остатокот од 75.000 МКД (износот над 125.000 до 200.000 МКД), субјектот нема обврска за враќање, поради фактот што нема заостанати обврски за плаќање на даноци и придонеси (не должи даноци и придонеси).**

***Пример: 3*** Субјектот “УУУ” кој данокот на добивка го пресметува и плаќа на ДБ-ВП образец, за месец октомври, ноември и декември има добиено финансиска поддршка во износ од 200.000,00 МКД. За 2020 остварил негативен финансиски резултат - загуба (АОП 251 од БУ), на износ од 250.000,00 денари. Правниот субјект нема неподмирени обврски по основ на даноци и придонеси.

Врз основа на податоците субјектот пополнува и поднесува ДД-ГДВП/БВФП-2, (пополнува ДЕЛ Б):

***Напомена:*** *Иако во Дел Б од Образец ДД-ГДВП/БВФП-2 во точка 1 се наведува внесување податок од АОП 250 од БУ, согласно објавата од УЈП од 19.02.2021 година, загубарите го впишуваат износот на загубата со негативен предзнак од АОП 251 од БУ за 2020.*

Б. Пресметка на износот на враќање на примената финансиска поддршка за исплата на плати за обврзниците на годишен данок на вкупен приход.

| | |
|---|---|
| 1. **Финансиски резултат пред оданочување искажан како добивка пред оданочување во Билансот на успех** (АОП 250 од БУ за 2020 година) | -250.000 |
| 2. **Износ од 50% од финансиски резултат пред оданочување искажан во Билансот на успех за 2020 година** (реден број 1 х 50 %) | 0,00 |
| 3. **Износ на финансиска поддршка за исплата на плати кој го искористил работодавачот** | 200.000 |

Согласно одредбите од член 9 од Законот и член 7 од Уредбата, враќањето на средствата по основ на примената финансиска поддршка, се врши во случај субјектот обврзник на ДБ-ВП, да има остварено позитивен финансиски резултат за 2020 година и да нема неплатени даноци и придонеси.

Субјектот од пример 3, нема обврска за враќање на финансиска поддршка, поради остварениот негативен финансиски резултат за 2020 година и бидејќи нема неплатени даноци и придонеси. Висината на остварената загуба, нема влијание за враќањето, односно таа може да биде помала или поголема од примената финансиска поддршка и притоа да не предизвикува обврски за враќање, за разлика од обврската за неплатени даноци и придонеси.

## *4. БАРАЊЕ ЗА ПРЕТВОРАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ГРАНТ*

Согласно одредбите од член 7 став 5 од Уредбата и член 12 став 3 од Законот за финансиска поддршка за исплата на платите, субјектот доколку ги исполнува предвидените услови, може да изврши трансформација на финансиската поддршката во грант (неповратна).

Субјектите кои поднесуваат Барање за претворање на финансиската поддршка во грант за пролетниот циклус (Б-ПФПГ), не поднесуваат образец ДД-ГДВП/БВФП-1, но поднесуваат ДД-ГДВП/БВФП-2, доколку примиле финансиска поддршка од есенскиот циклус, односно за месеците октомври, ноември и декември.

### *4.1 Услови за претворање поддршка во грант*

Финансиската поддршка за исплата на плати е неповратна за работодавач-корисник на финансиска поддршка, кој вработува до 250 вработени и ги исполнува следните услови:

- Во последните 2 години, искажал добивка после оданочување,

- Не се наоѓа на листата на должници, согласно со последната објавена Листа на должници на доспеани и неплатени долгови на Управата за јавни приходи, на денот на поднесување на барањето,

- Заклучно **со 29 февруари 2020** година, не доцнел со плаќање на обврските по основ на кредити подолго од 90 дена од денот на достасаноста, согласно со податоците за задолженост од соодветен регистар/биро,

- Ќе докаже дека финансиските средства во износ еднаков или поголем од износот на добиена финансиска поддршка ги искористил за:

а) инвестиции во вработени:

- Обука на вработените во области како што се маркетинг и брендирање, финансиско управување, подобру-вање на производството, истражување и развој, дигитални вештини и надградба и слични обуки,

- Обука на вработените за управување како што е бизнис менаџмент, стратегија, корпоративно управување или која било активност дефинирана подобука на вработените за целите на вршење на дејноста.

б) оперативни подобрувања на компанијата:

- Набавки поврзани со надградба на производството (на пр. подобрувањена производство и дизајнирање на процеси), маркетинг и брендирање, промена на деловниот модел, дигитална трансформација (автоматизација, онлајнтрговија), нова експанзија на пазарот, развој на нов производ и слични набавки,

- Воведување на акредитирани нови стандарди, набавки на патенти, авторски права, трговски марки и други права од интелектуална сопственост,

в) продуктивен капитал:

- Набавки на опрема и други средства кои се користат за подобрување на ефикасноста и продуктивноста на работењето, опрема поврзана со производството, компјутери и друга соодветна опрема, софтвер, опрема за транспорт и слични набавки во функција на вршење на дејноста.

Набавките за вообичаени деловни активности на компанијата нема да бидат признаени за набавки за инвестиции (пример: плати, канцелариски трошоци, трошоци за одржување, комунални трошоци, трошоци за сметководство и правни работи, за усогласеност и владини такси), трошоци за финан-сирање, изнајмување, продажни активности (рекламирање, репрезентација, трговски изложби), набавки за одржување на постојниот софтвер и на постојните сертификати во индустријата и сличните тековни набавки (трошоци).

Набавките кои влегуваат во предвид за претворање на поддршка во грант, работодавачот-корисник на финансиска поддршка требало да ги изврши до крајот на 2020 година.

### *4.2 Постапка за претворање на финансиска поддршка во грант*

Основен услов за трансформација на финансиската поддршка во грант, престставува постоење на инвестиции кои се **повисоки или еднакви** на примената финансиска поддршка од пролетниот циклус, односно повисоки инвестиции од подршката за месеците април мај и јуни 2020 година.

Набавките кои нема да бидат еднакви или повисоки од примената финансиска поддршка, не се признаваат како инвестиции и не ја намалуваат обврската за враќање, односно **пониските набавки** од финансиската поддршка не учествуваат и **не се земаат во предвид за трансформација во грант**.

Работодавачот-корисник на финансиска поддршка, кој ги исполнил условите од член 7 став 5 од Уредбата и член 12 од Законот, до УЈП доставува Барање за претворање на финансиската поддршка за исплата на плати во грант (Б-ПФПГ), најдоцна до рокот за поднесување на даночниот биланс за 2020 година.

Кон Образец Б-ПФПГ се доставуваат/приложуваат фактури за извршените набавки и изводи од носител на платен промет како доказ за извршеното плаќање на фактурите.

Фактурите и изводите за извршените набавки се доставуваат во оригинал или заверена копија (верно на оригиналот со потпис и печат од управителот или нотарска заверка). Барањето ќе се смета за некомплетно доколку се достави незаверена копија од фактурите и изводите за потврдување на вредноста на извршените инвестиции.

Кон Барањето за претворање на финансиската поддршка за исплата на плати во грант (Образец Б-ПФПГ), работодавачот-корисник на финансиска поддршка до УЈП доставува Уверение за платени даноци и придонеси.

Копијата за платени даноци и придонеси не треба да биде заверена на нотар или од страна на управителот, поради фактот што автентичноста е лесно проверлива од УЈП.

Работодавачот-корисник на финансиска поддршка кој не ги исполнува условите за трансформација во грант, не ги презентирал доказите (фактурите и изводите и потврдата за платени даноци и придонеси), враќањето на поддршката ќе го изврши на три месечни рати, без камата, сметано од денот на добивањето на решение за одбивање на барањето (Образец Б-ПФПГ) од Управата за јавни приходи.

Во рок од 15 дена од приемот на Барањето (ДД-ГДВП/БВФП-1 и ДД-ГДВП/БВФП-2), УЈП го известува работодавачот за пресметаниот износ, за враќање на добиената финансиска поддршка.

Во рок од 15 дена од приемот на Барањето (ДД-ГДВП/БВФП-1 и ДД-ГДВП/БВФП-2), УЈП известува за целосно ослободување од враќање на добиената поддршка, доколку субјектот има остварено загуба и нема неплатени даноци и придонеси.

Во истиот **рок од 15 дена,** од приемот на Барањето (Образец Б-ПФПГ), УЈП го известува работодавачот за **одбивање** на барањето за претворање на финансиската поддршка за исплата на плати во грант или издава решение за претворање на финансиската поддршка за исплата на плати во грант.

ПРИЛОГ

Б-ПФПГ

## БАРАЊЕ
**за претворање на финансиска поддршка за исплата на плати во грант**

[illegible]

| | |
|---|---|
| Единствен даночен број | |
| Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт | МАКЕДОНИЈА ЕКСПОРТ ДОО<br>УЛ.ИЛИНДЕНСКА БР.3<br>СКОПЈЕ |
| Телефон | 02/3172-065 |
| е-пошта | info@makedonijaeksport.com.mk |

[illegible]

### А. СВОЈСТВО НА БАРАТЕЛОТ

X Работодавач - правно лице

☐ Работодавач - Физичко лице кое врши самостојна дејност

### Б. ИЗЈАВА ЗА ИСПОЛНЕТОСТ НА УСЛОВИТЕ ЗА ПРЕТВОРАЊЕ НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИ ВО ГРАНТ

**Изјавувам дека ги исполнувам следните услови:**

X а) Имам вработено до 250 вработени

X б) Во последните 2 години имам искажано добивка после оданочување

X в) Не се наоѓам на листата на должници согласно со последната објавена Листа на должници на доспеани и неплатени долгови на Управата за јавни приходи на денот на поднесување на барањето

X г) Заклучно со 29 февруари 2020 година не сум доцнел со плаќање на обврските по основ на кредити подолго од 90 дена од денот на доспеаноста, согласно со податоците за задолженост од соодветен регистар/биро

X д) Ќе докажам дека финансиските средства во износ еднаков или поголем од износот на добиена финансиска поддршка сум ги искористил за:

**1) Инвестиции во вработени:**
- Обука на вработените во области како што се маркетинг и брендирање, финансиско управување, подобрување на производството, истражување и развој, дигитални вештини и надградба и слични обуки
- Обука на вработените за управување како што е бизнис менаџмент, стратегија, корпоративно управување или која било активност дефинирано под обука на вработените за целите на вршење на дејноста

**2) Оперативни подобрувања на компанијата:**
- Набавки поврзани со надградба на производството (на пр. Подобрување на производство и дизајнирање на процеси), маркетинг и брендирање, промена на деловниот модел, дигитална трансформација (автоматизација, онлајн трговија), нова експанзија на пазарот, развој на нов производ и слични набавки
- Воведување на акредитирани нови стандарди, набавки на патенти, авторски права, трговски марки и други права од интелектуална сопственост

**3) Продуктивен капитал:**
- Набавки на опрема и други средства кои се користат за подобрување на ефикасноста и продуктивноста на работењето, опрема поврзана со производството, компјутери и друга соодветна опрема, софтвер, опрема за транспорт и слични набавки во функција на вршење на дејноста

X ѓ) Набавките од точки 1), 2) и 3) ги извршив до крајот на 2020 година

### В. ИЗНОС НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИ КОЈ ГО ИСКОРИСТИЛ РАБОТОДАВАЧОТ

| | |
|---|---|
| Износ на финансиска поддршка | 3.000.000 |

### Г. ИЗНОС НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИ ПРЕТВОРЕН ВО ГРАНТ

| Даночен обврзник (1) | Набавени добра и услуги (2) | Вкупен износ без ДДВ (3) | Износ на ДДВ (4) | Вкупно (5) |
|---|---|---|---|---|
| Регистриран ДДВ обврзник | со право на одбивка на претходен данок | 4.200.000 | 756.000 | 4.956.000 |
| | без право на одбивка на претходен данок | | | |
| Нерегистриран ДДВ обврзник | | | | |

1/3


**Д. ПРИЛОЗИ**

- [X] Фактури за извршените набавки
- [X] Изводи од носител на платен промет како доказ за извршеното плаќање на фактурите
- [X] Уверение за платени даноци и придонеси

**ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | МАКЕДОНКА ПЕТКОВСКА | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | 000000000000 | Датум на пополнување | 15.03.2021 |
| Својство | УПРАВИТЕЛ | Потпис | |

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | МАКЕДОНКА ПЕТКОВСКА | | |
| ЕМБГ | 000000000000 | Датум на пополнување | 15.03.2021 |
| Својство | УПРАВИТЕЛ | Потпис | |

| | |
|---|---|
| Податоци за обработката | |

### 5. *ВРАЌАЊЕ НА ПОДДРШКА ЗА ПРИДОНЕСИ*

Субвенционирање на исплата на придонеси се вршеше согласно Уредбата со законска сила за субвенционирање на исплата на **придонеси од задолжително социјално осигурување (ПЗСО)** за време на вонредна состојба (“Службен весник на РСМ” 92/20 и 116/20), за сите субјекти кои ги исполнуваа условите.

Од субвенционирање на придонесите беа исклучени и не можеа да користат: - орган на државна и локална власт и други државни органи основани согласно со Уставот на РСМ и со закон, институции кои вршат дејност од областа на образование, наука, здравство, култура, труд, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции, фондови, јавни установи, ЈП и ТД основани од РСМ, општините, градот Скопје и општините во градот Скопје и - приватна агенција за вработување за осигуреник кој е отстапен кај наведените обврзници кои се исклучени од субвенционирање.

Субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување **не можеше** да се користи за лице - работник со дополнително работење со неполно работно време кај друг работодавач.

На работодавач, за секој осигуреник, за месеците април, мај и јуни 2020 година, му се субвенционира износ за исплата на ПЗСО во висина од 50% од пресметаните ПЗСО од страна на обврзникот, но најмногу до 50% од ПЗСО, пресметани на просечната бруто плата по работник во РСМ, според податоците на ДЗС објавена во месец 01.2020 година.

### *5.1 Услови за ослободување од плаќање на ПЗСО*

За користењето на субвенционирање на исплата на ПЗСО работодавачот требаше да ги исполнува следните услови:

а) **намалувањето на вкупните приходи** намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење во месец април 2020 година, во месец мај 2020 или во месец јуни 2020 година, да изнесува **повеќе од 30%** во однос на просечните вкупни приходи на месечно ниво намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење остварени во 2019 година.

За работодавач кој е запишан во соодветен регистар (основан) по месец март 2019 година, вкупните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење за месец април 2020 година, месец мај 2020 и месец јуни 2020 година да се помали за најмалку **30%** во однос на просечните вкупни приходи на месечно ниво намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење остварени од денот на запишувањето во соодветен регистар во 2019 година и месеците јануари и февруари 2020 година.

За работодавачот кој врши дејност од сезонски карактер, намалувањето на просечните приходи намалени за одделни еднократни приходи, кои не произлегуваат од редовното работење за последниот сезонски период од четири месеци, споредено со просечните приходи намалени за одделни еднократни приходи кои не произлегуваат од редовното работење за сезонскиот период од истите четири месеци во претходната година да изнесува повеќе од 30%;

б) бројот на вработени кај работодавачот кој побарува финансиска поддршка, земајќи ги во предвид и вработените преку приватна агенција за вработување за времетраење на субвенционирање на исплата на ПЗСО и два месеци по нејзиното престанување (заклучно со месец август 2020 година), во однос на бројот на вработени во месец април 2020 година, да не е намален, освен заради:

1. пензионирање и смрт на работник;

2. откажување на договорот за вработување од страна на работникот;

3. откажување на договорот за вработување без отказен рок од страна на работодавачот поради кршење на работниот ред и дисциплина или работните обврски;

4. спогодбено преземање на работник;

5. престанување на важноста на договорот за вработување врз основа на судска пресуда и

6. престанување на важноста на договорот за вработување поради утврдена трајна неспособност за работа.

в) вкупниот број на вработени кај работодавачот-корисник на субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вонредна состојба, согласно точката б), да не е намален заклучно со месец август 2020 година, за повеќе од:

- 15% кај работодавач кој имал до 50 вработени во месецот за кој користел субвенција;

- 10% кај работодавач кој имал од 51 до 250 вработени во месецот за кој користел субвенција и

- 5% кај работодавач кој имал над 250 вработени во месецот за кој користел субвенција и

г) да не исплатува дивиденда на сопствениците, како и да нема извршено исплата по основ на награда за деловна успешност на работодавачот со шифра 102 во МПИН. на вработените и органите на управување и надзор на работодавачот, од денот на влегувањето во сила на уредбата, до денот на исплатата на платата за месец јуни 2020 година.

### *5.2 Враќање на субвенциите за ПЗСО*

ПЗСО кои биле намалени поради ослободувањето предвидено со Уредбата за месеците април мај и јуни 2020, се задолжителни за враќање, вонреден (нерегуларности при стекнувањето) и редовен поврат.

Работодавачот кој користел субвенција за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување (ПЗСО), должен е да ги врати добиените финансиски средства во целост, доколку по извршена контрола од страна на УЈП и/или Државниот инспекторат за труд, се утврди дека работодавачот не ги исполнил условите предвидени за ослободувањето.

Враќањето на средствата по основ на неисполнети услови се врши врз основа на решение за утврдена неправилност, кое го издава УЈП.

Работодавачот кој го искористил правото за субвенционирање на ПЗСО, а не ги исполнил условите, должен е да го врати износот на субвенции за исплата на ПЗСО, на сметка на Буџетот на РСМ.

Работодавачот кој го искористил правото на субвенционирање за исплата на ПЗСО, должен е примените финансиски средства да ги врати во Буџетот на РСМ, но најмногу до износот од 50% од: - остварениот финансиски резултат за 2020 година, зголемен за износот на оданочивите расходи и помалку искажаните приходи од ДБ.

Износот од 50% од остварениот финансиски резултат од Билансот на успех (добивка пред оданочување) за 2020 година за обврзниците кои се во режимот на годишен данок на вкупен приход претставува максимален износ на враќање (АОП 251).

50% од износот на искажаниот финансиски резултат пред оданочување во образецот Б, зголемен за непризнаените расходи за даночни цели од Годишниот даночен биланс за утврдување на данокот на доход од вршење на самостојна дејност, претставува максимален износ за враќање.

Враќањето на износот ќе се изврши на три месечни рати без камата во месец април, мај и јуни 2021 година.

Пресметката на износот за враќање се врши на Образец **ДД-ГДВП/БВ-СПЗСО** за сите видови трговските друштва и за сите видови на обврзници (ДБ и ДБ-ВП).

**БАРАЊЕ**

**за пресметување на износот за враќање на примената субвенција за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за месеците април, мај и јуни 2020 година**

**ДД-ГДВП/БВ-СПЗСО**

| | |
|---|---|
| Единствен даночен број | 4000055551111 |
| Скратен назив и адреса на седиштето за контакт | МАЦКО ДООЕЛ<br>Ул.А.Македонски бр.25<br>Скопје |
| Телефон | 3200-000 |
| е-пошта | |

Датум и број на прием:

**А. ПРЕСМЕТКА НА ИЗНОСОТ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ПРИМЕНАТА СУБВЕНЦИЈА ЗА ИСПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЗА ОБВРЗНИЦИТЕ НА ДАНОК НА ДОБИВКА**

| | |
|---|---|
| **1. Финансиски резултат во Биланс на успех утврден како добивка или загуба пред оданочување** (АОП 01 од „образец ДБ“ за 2020 година) | -250.000 |
| **2. Оданочиви расходи и помалку искажани приходи за даночни цели** (АОП 02 од „образец ДБ“ за 2020 година) | 70.000 |
| **3. Даночна основа за 2020 година** (АОП 40 од „образец ДБ“ за 2020 година/реден број 1 + реден број 2) | -180.000 |
| **4. Износ од 50% од остварениот финансиски резултат пред оданочување за 2020 година, зголемен за износот на оданочивите расходи и помалку искажани приходи во Даночниот биланс „образец ДБ“** (реден број 3 x 50 %) | 0.00 |
| **5. Износ на финансиска поддршка за исплата на плати кој го искористил работодавачот** | 200.000 |

**Б. ПРЕСМЕТКА НА ИЗНОСОТ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ПРИМЕНАТА СУБВЕНЦИЈА ЗА ИСПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ОБВРЗНИЦИТЕ НА ГОДИШЕН ДАНОК НА ВКУПЕН ПРИХОД**

| | |
|---|---|
| **1. Финансиски резултат пред оданочување искажан како добивка или загуба пред оданочување во Билансот на успех** (АОП 250/251 од БУ за 2020 година) | |
| **2. Износ од 50% од финансиски резултат пред оданочување искажан во Билансот на успех за 2020 година** (реден број 1 x 50 %) | |
| **3. Износ на финансиска поддршка за исплата на плати кој го искористил работодавачот** | |

**ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

1/2

## *5.3. Барање за враќање на финансиска поддршка за месеците АПРИЛ, МАЈ и ЈУНИ/2020 година*

***Пример: 1.*** Субјектот “ХХХ” ДОО Скопје, има примено финансиска поддршка за ослободување оа ПЗСО април, мај и јуни во износ од 200.000,00 МКД. Добивката за 2020 година (АОП 01 од ДБ) е утврдена во износ од 250.000,00 МКД, а збирот од даночно непризнатите расходи (АОП 02 од ДБ) изнесува 70.000,00 МКД. Врз основа на податоците субјектот на АОП 40 од ДБ има износ од 320.000,00 МКД и поднесува **ДД-ГДВП/БВ-СПЗСО** со пополнет дел А од образецот:

А. Пресметка на износот за враќање на примената субвенција за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за обврзниците на данок на добивка

| | |
|---|---|
| **1. Финансиски резултат во Биланс на успех утврден како добивка или загуба пред оданочување** (АОП 01 од „образец ДБ“ за 2020 година) | 250.000 |
| **2. Оданочиви расходи и помалку искажани приходи за даночни цели** (АОП 02 од „образец ДБ“ за 2020 година) | 70.000 |
| **3. Даночна основа за 2020 година** (АОП 40 од „образец ДБ“ за 2020 година /реден број 1 + реден број 2)) | 320.000 |
| **4. Износ од 50% од остварениот финансиски резултат пред оданочување за 2020 година, зголемен за износот на оданочивите расходи и помалку искажани приходи во Даночниот биланс „образец ДБ“** (реден број 3 x 50 %) | 160.000 |
| **5. Износ на финансиска поддршка за исплата на плати кој го искористил работодавачот** | 200.000 |

**Субјектот врз основа на пополнетиот образец ДД-ГДВП/БВ-СПЗСО во делот А (обврзник на ДБ) утврдува делумна обврска за враќање на примените ослободувања за ПЗСО во износ од 160.000,00 МКД, односно од износот на ослободените ПЗСО од 200.000, враќа износ од 160.000 МКД.**

Остатокот од примените ослободувања по основ на ПЗСО во износ од 40.000 се неповратни, бидејќи максималниот износ за поврат изнесува 50% од АОП 40 од ДБ.

***Пример 2.*** Субјектот “XXX” ДОО Скопје, има остварено финансиска поддршка за ослободување од ПЗСО за април, мај и јуни во износ од 500.000,00 МКД. Добивката за 2020 година (АОП 01 од ДБ) е утврдена во износ од 950.000,00 МКД, а збирот од даночно непризнатите расходи (АОП 02 од ДБ) изнесува 90.000,00 МКД. Врз основа на наведените податоци субјектот на АОП 40 од ДБ искажал износ од 1.040.000,00 МКД.

Субјектот при тоа ќе го поднесе следното барање:

А. Пресметка на износот за враќање на применета субвенција за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за обврзниците на данок на добивка

| | |
|---|---|
| **1. Финансиски резултат во Биланс на успех утврден како добивка или загуба пред оданочување** (АОП 01 од „образец ДБ“ за 2020 година) | 950.000 |
| **2. Оданочиви расходи и помалку искажани приходи за даночни цели** (АОП 02 од „образец ДБ“ за 2020 година) | 90.000 |
| **3. Даночна основа за 2020 година** (АОП 40 од „образец ДБ“ за 2020 година /реден број 1 + реден број 2)) | 1.040.000 |
| **4. Износ од 50% од остварениот финансиски резултат пред оданочување за 2020 година, зголемен за износот на оданочивите расходи и помалку искажани приходи во Даночниот биланс „образец ДБ“** (реден број 3 x 50 %) | 520.000 |
| **5. Износ на финансиска поддршка за исплата на плати кој го искористил работодавачот** | 500.000 |

**Обврска (целосен поврат на поддршката) за враќање: 500.000,00 МКД, од вкупно примени 500.000,00.**

Во вториот пример, максималната основица за враќање на износот на финансиската поддршка во висина од 50% од износот на добивката зголемена со даночно непризнатите расходи од ДБ е повисока од износот на применета финансиска поддршка. Обврската за враќање на финансиската поддршка не смее да надмине 50% од износот на добивката зголемена за даночно непризнатите расходи, но во никој случај не е повисока од примениот износ на финансиска поддршка, за ПЗСО.

Во примерот субјектот е обврзан да ја врати целосно применета финансиска поддршка, заради повисоката основица, 50% од добивката зголемена за даночно непризнатите расходи.

**Пример: 3** Субјектот “XXX” ДОО Скопје, има примено финансиска поддршка за ослободување од ПЗСО за април, мај и јуни во износ од 200.000,00 МКД. За 2020 година остварил загуба (АОП 01 од ДБ) во износ од 250.000,00 МКД, а збирот од даночно непризнатите расходи (АОП 02 од ДБ) изнесува 70.000,00 МКД. Врз основа на наведените податоци субјектот на АОП 40 од ДБ има износ од 0,00 МКД и поднесува следна **ДД-ГДВП/БВ-СПЗСО**:

А. Пресметка на износот за враќање на применета субвенција за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за обврзниците на данок на добивка

| | |
|---|---|
| **1. Финансиски резултат во Биланс на успех утврден како добивка или загуба пред оданочување** (АОП 01 од „образец ДБ“ за 2020 година) | -250.000 |
| **2. Оданочиви расходи и помалку искажани приходи за даночни цели** (АОП 02 од „образец ДБ“ за 2020 година) | 70.000 |
| **3. Даночна основа за 2020 година** (АОП 40 од „образец ДБ“ за 2020 година /реден број 1 + реден број 2)) | -180.000 |
| **4. Износ од 50% од остварениот финансиски резултат пред оданочување за 2020 година, зголемен за износот на оданочивите расходи и помалку искажани приходи во Даночниот биланс „образец ДБ“** (реден број 3 x 50 %) | 0,00 |
| **5. Износ на финансиска поддршка за исплата на плати кој го искористил работодавачот** | 200.000 |

**Непостои обврска (делумна или целосна) за враќање од применета финансиска поддршка за ПЗСО од 200.000 МКД. Износ за враќање “0” (нула) МКД.**

Согласно одредбите од член 9 од Уредбата за финансиска поддршка за ПЗСО, обврска за враќање на финансиска поддршка се утврдува кај субјектите кои имаат остварено позитивна даночна основа од АОП 40 од ДБ (каде износот од 50% од добивката и даночно непризнатите расходи претставува позитивна вредност).

Во случајот од пример 3, субјектот нема да има обврска за враќање на применета финансиска поддршка за ПЗСО, но задолжително го поднесува **ДД-ГДВП/БВ-СПЗСО**.

### *5.3 Барање за враќање на поддршка од ПЗСО за обврзник на ДБ-ВП*

ПЗСО кои биле намалени поради ослободувањето предвидено со Уредбата за месеците април мај и јуни 2020, се задолжителни како редовен поврат, за субјектите кои имаат остварено позитивен финансиски резултат - добивка.

Работодавачот кој го искористил правото на субвенционирање за исплата на ПЗСО, должен е примените финансиски средства да ги врати во Буџетот на РСМ, но најмногу до износот од 50% од: - остварениот финансиски резултат за 2020 година, односно од добиката пред оданочување.

Износот од 50% од остварениот финансиски резултат од Билансот на успех (добивка пред оданочување) за 2020 година, за обврзниците кои се во режимот на годишен данок на вкупен приход, претставува максимален износ на враќање (АОП 251).

Враќањето на износот ќе се изврши на три месечни рати без камата во месец април, мај и јуни 2021 година.

Пресметката на износот за враќање се врши на Образец ДД-ГДВП/БВ-СПЗСО за обврзниците на ДБ-ВП, но образецот задолжително го поднесуваат и загубарите (објава на УЈП).

***Пример 1*** Субјектот “УУУ” кој данокот на добивка го пресметува и плаќа на ДБ-ВП образец, за месец април, мај и јуни, има добиено финансиска поддршка за ПЗСО во износ од 200.000,00 МКД. Правниот субјект за 2020 остварил позитивен финансиски резултат - добивка (АОП 250 од БУ), која изнесува 500.000,00 МКД.

Врз основа на податоците субјектот пополнува и поднесува ДД-ГДВП/БВ-СПЗСО, (пополнува ДЕЛ Б):

Б. Пресметка на износот за враќање на примената субвенција за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за обврзниците на ГД-ВП.

| | |
|---|---|
| **1. Финансиски резултат пред оданочување искажан како добивка или загуба пред оданочување во Билансот на успех** (АОП 250/251 од БУ за 2020 година) | 500.000 |
| **2. Износ од 50% од финансиски резултат пред оданочување искажан во Билансот на успех за 2020 година** (реден број 1 х 50 %) | 250.000 |
| 3 **Износ на финансиска поддршка за исплата на плати кој го искористил работодавачот** | 200.000 |

**Врз основа на податоците и формираната основа за враќање на поддршката за ПЗСО, субјектот “УУУ” ќе ја врати целокупната финансиска поддршка од 200.000 МКД.**

***Пример: 2*** Субјектот “УУУ” кој данокот на добивка го пресметува и плаќа на ДБ-ВП, за месец април, мај и јуни има добиено финансиска поддршка за ПЗСО, во износ од 200.000,00 МКД. За 2020 остварил позитивен финансиски резултат - добивка (АОП 250 од БУ) на износ од 250.000 МКД.

Врз основа на податоците субјектот пополнува и поднесува ДД-ГДВП/БВ-СПЗСО, (пополнува ДЕЛ Б):

Б. Пресметка на износот за враќање на примената субвенција за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за обврзниците на ГД-ВП.

| | |
|---|---|
| **1. Финансиски резултат пред оданочување искажан како добивка или загуба пред оданочување во Билансот на успех** (АОП 250/251 од БУ за 2020 година) | 250.000 |
| **2. Износ од 50% од финансиски резултат пред оданочување искажан во Билансот на успех за 2020 година** (реден број 1 х 50 %) | 125,000 |
| 3 **Износ на финансиска поддршка за исплата на плати кој го искористил работодавачот** | 200.000 |

**Од податоците и формираната основа за враќање на поддршката, субјектот “УУУ” ќе врати делумен износ од примената финансиска поддршка за ПЗСО за месец април, мај и јуни, во износ од 125.000 МКД, од вкупно примени 200.000 денари.**

***Пример: 3*** Субјектот “УУУ” кој данокот на добивка го пресметува и плаќа на ДБ-ВП образец, за месец април, мај и јуни има добиено финансиска поддршка за ПЗСО во износ од 200.000,00 МКД. За 2020 остварил негативен финансиски резултат - **загуба** (**АОП 251 од БУ**) на износ **од 250.000,00 денари**.

Врз основа на податоците субјектот пополнува и поднесува ДД-ГДВП/БВ-СПЗСО, (пополнува ДЕЛ Б):

***Напомена:*** *Иако во Дел Б од Образец ДД-ГДВП/БВ-СПЗСО во точка 1 се наведува внесување податок од АОП 250 од БУ, согласно објавата од УЈП од 19.02.2021 година, загубарите го впишуваат износот на загубата со негативен предзнак од АОП 251 од БУ за 2020 година.*

| | |
|---|---|
| **1. Финансиски резултат пред оданочување искажан како добивка или загуба пред оданочување во Билансот на успех** (АОП 250/251 од БУ за 2020 година) | -250.000 |
| **2. Износ од 50% од финансиски резултат пред оданочување искажан во Билансот на успех за 2020 година** (реден број 1 x 50 %) | 0,00 |
| 3 **Износ на финансиска поддршка за исплата на плати кој го искористил работодавачот** | 200.000 |

Согласно одредбите од член 9 од Уредбата, враќањето на средствата по основ на примената финансиска поддршка за ПЗСО, се врши во случај субјектот обврзник на ДБ-ВП, да има остварено позитивен финансиски резултат за 2020 година и да нема неплатени даноци и придонеси.

**Субјектот од пример 3, нема обврска за враќање на финансиска поддршка за ПЗСО, поради остварениот негативен финансиски резултат за 2020 година. Висината на остварената загуба, нема влијание за враќањето, односно, таа може да биде помала или поголема од примената финансиска поддршка за ПЗСО и притоа да не предизвикува обврски за враќање.**

# СУБВЕНЦИИ

*дипл. економист: Јулија Минковска*

## *ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ПРИМЕНАТА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИ, ПРИДОНЕСИ И ИСПЛАТЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ВРШИТЕЛИ НА САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ И ПРЕТВОРАЊЕ НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА ВО ГРАНД*

***Враќањето на финансиската поддршка се врши поради неисполнување на условите кои биле пресудни за доделување на субвенцијата, но и поради дополнителни услови произлезени од годишната сметка за 2020 година.***

### *ВОВЕД*

Враќањето на финансиската поддршка на физичките лица кои вршат самостојна дејност е регулирано согласно **Законот за финансиска поддршка** на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено – економската криза предизвикана од вирусот **КОВИД-19** за месеците **Октомври, Ноември и Декември/2020 година,** („Службен весник на РСМ” 267/2020), Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на физичките лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено економска криза предизивикана од Коронавирусот COVID-19 **за време на вонредна состојба** (“Службен весник на РСМ**”** 92/20 и 156/20) и Правилникот за формата и содржината на Барањето за пресметување на износот за враќање на примената финансиска поддршка („Службен весник на РСМ” 315/2020 година).

## *1. БАРАЊЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ПРИМЕНАТА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ ВРШАТ САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ*

Корисниците на финансиска поддршка физичките лица кои вршат самостојна дејност имаат обврска за враќање на примената финансиска поддршка.

Условите за враќање на финансиска поддршка за истоветни како и за работодавачите кои има примено финансиска поддршка за исплата на платите на вработените.

### *1.1. Враќање на финансиска поддршка за физичко лице кое врши самостојна дејност и се оданочува по вистински доход за финансиска поддршка за месеците Април Мај и Јуни/2020 година*

Согласно член 8 од **Уредбата** со законска сила за финансиска поддршка на физичките лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено економска криза предизивикана од Коронавирусот COVID-19 **за време на вонредна состојба** ("Службен весник на **РСМ"** 92/20 и 156/20) физичкото лице кое врши самостојна дејност и се оданочува по **ВИСТИНСКИ ДОХОД -** кое го искористило правото на финансиска поддршка, **има обврска примените финансиски средства да ги врати** во Буџетот на РСМакедонија, **но НАЈМНОГУ до износот од 50%** од износот на искажаниот финансиски резултат за 2020 година, **пред оданочување во Билансот на приходи и расходи (ОБРАЗЕЦ "Б") за 2020 година, ЗГОЛЕМЕН** за **непризнаените расходи** за даночни цели од Годишниот даночен би-ланс за утврдување на данокот на доход од вршење на самостојна дејност, **(Образец "ДЛД-ДБ").**

За враќање на износот на примената субвенција, физичките лица кои вршат самостојна дејност треба да поднесат Барање за пресметување на износот за враќање на примената финансиска поддршка за исплата на финансиски средства (**ОБРАЗЕЦ <u>ДБ-БВ-ФП</u>"**), **најдоцна до рокот за поднесување на Годишниот даночен биланс за 2020 година** (**15.03.2021 година).**

***1.1.1. Пресметување на износот за враќање на применатa финансиска поддршка за месеците Април, Мај и Јуни/2020 година, за физичко лице кое врши самостојна дејност и се оданочува по вистински доход***

**ПРИМЕР**:1**.** Физичкото лице “**НН”** регистрирано како **“ТП ПРОТЕК”** искористило финансиска поддршка за месеците **Април, Мај и Јуни/2020**, во вкупен износ од **43.500,00 денари.**
**(14.500 денари x 3 месеци = 43.500,00)**

**Пример 1: ПРЕСМЕТКА:**

| | |
|---|---|
| **1. Финансиски резултат во Биланс на приходи** и расходи односно Нето приход пред оданочување (Образец “Б”) за 2020 | 60.000 |
| 2**. Непризнатите расходи за даночни цели** за 2020 година **(**АОП 03 Образец “ДЛД-ДБ”) | 10.000 |
| **3. Даночна основа за 2020 година** (АОП 22 од Образец “ДЛД-ДБ”**)** | **70.000** |
| **4. 50 % од даночната основа (3 x 50%)** | **35.000** |
| **5. Добиена финансиска помош за месеците** Април, Мај и Јуни 2020 | **43.500** |

**НАПОМЕНА: Физичкото лице регистрирано како ТП “ПРОТЕК”, ИМА ОБВРСКА да врати 35.000,00 денари колку што изнесува 50% од Даночната основа , бидејќи износот од 35.000 денари е ПОМАЛ од не користената финансиска поддршка во висина од 43.500,00 денари.**

**1.1.2. Поднесување на Барање за пресметување на износот за враќање на применатa финансиска поддршка за месеците Април, Мај и Јуни/2020 година за исплата на финансиски средства**

Физичкото лице Физичкото лице **“НН”** регистрирано како **“ТП ПРОТЕК” ќе поднесе Барање** за пресметување на износот на враќање на применатa финансиската поддршка за исплата на финансиски средства за месеците **Април, Мај и Јуни/2020 година** на **ОБВРЗЕЦОТ “ДБ-БВ-ФП**”, **НАЈДОЦНА** до рокот за поднесување на годишен даночен биланс за 2020 година **(15.03.2021 година).**

Барањето се поднесува преку системот **<u>е-Персонален данок</u> (во мени Аконтативна пресметка).**

### *1.2. Враќање на финансиска поддршка за физичко лице кое врши самостојна дејност и се оданочува по вистински доход за финансиска поддршка за месеците Октомври, Ноември, и Декември/2020 година*

Согласно член 10 од **Законот за финансиска поддршка** на физички лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено – економската криза предизвикана од вирусот **КОВИД-19** за месеците **Октомври, Ноември и Декември/2020 година,** објавен во („Службен весник на РСМ” 267/2020)***, (во натамошниот текст Законот),*** физичкото лице кое врши самостојна дејност и се оданочува по **ВИСТИНСКИ ДОХОД -** кое го искористило правото на финансиска поддршка, согласно Законот, **има обврска примените финансиски средства да ги врати** во Буџетот на РСМ, **но НАЈМНОГУ до износот од 50%** од износот на искажаниот финансиски резултат за 2020 година, **пред оданочување во Билансот на приходи и расходи (ОБРАЗЕЦ “Б”) за 2020 година, ЗГОЛЕМЕН** за **непризнаените расходи** за даночни цели од Годишниот даночен биланс за утврдување на данокот на доход од вршење на самостојна дејност, **(Образец “ДЛД-ДБ”).**

За враќање на износот на примената субвенција, физичките лица кои вршат самостојна дејност треба да поднесат Барање за пресметување на износот за враќање на примената финансиска поддршка за исплата на финансиски средства (**ОБРАЗЕЦ <u>ДБ-БВ-ФП</u>**“), **најдоцна до рокот за поднесување на Годишниот даночен биланс за 2020 година**, (**15.03.2021 година).**

#### *1.2.1. Пресметување на износот за враќање на примената финансиска поддршка за месеците Октомври, Ноември и Декември/2020 година, за физичко лице кое врши самостојна дејност и се оданочува по вистински доход*

**ПРИМЕР:2**. Физичкото лице **“ММ”** регистрирано како “**ТП АЛФА”** искористило финансиска поддршка за месеците ***Октомври, Ноември и Декември/2020 година***, во вкупен износ од **52.230,00 денари**

**(17.410,00 денари x 3 месеци= 52.230,00)**.

**ПРЕСМЕТКА:**

По годишната сметка за **2020 година** во **Образецот “ДЛД-ДБ” на (АОП 22)** има искажано даночна основа во износ од **140.000,00 денари** и тоа:

| | |
|---|---|
| 1. **Финансиски резултат во** Биланс на приходи и расходи односно нето приход пред оданочување (Образец “Б”) за 2020 | **110.000** |
| 2. **Непризнатите расходи за даночни цели** за 2020 година **(**АОП 03 Образец “ДЛД-ДБ”) | 30.000 |
| 3. **Даночна основа за 2020 година** (**АОП 22 од Образец “ДЛД-ДБ”)** | **140.000** |
| 4. **50 % од даночната основа (3 х 50%)** | **70.000** |
| 5. **Добиена финансиска помош за месеците** Октомври, Ноември и Декември 2020 | **52.230** |

**НАПОМЕНА: Физичкото лице регистрирано како ТП АЛФА, ИМА ОБВРСКА да ја врати целата доделена финансиска поддршка од 52.230,00 денари, бидејќи износот од 50% од даночната основа во висина од 70.000,00 денари е ПОГОЛЕМ од користената поддршка во висина од 52.230,00 денари.**

**Враќањето на износот, ќе се изврши на ТРИ месечни рати, БЕЗ КАМАТА, во месеците Октомври, Ноември и Декември/2021 година.**

| Месец | Рата |
|---|---|
| Октомври/2021 | 17.410,00 |
| Ноември/2021 | 17.410,00 |
| Декември/2021 | 17.410,00 |
| Вкупно: | 52.230,00 |

**НАПОМЕНА**: Физичкото лице кое врши самостојна дејност и кое користело финансиска поддршка за исплата на финансиски средства согласно Законот, **должно е да ги врати добиените финансиски средства во ЦЕЛОСТ, заедно со КАМАТА утврдена согласно Законот за Даночна**

**постапка која изнесува 0,03%,** доколку по извршена контрола од страна на УЈП и/или Државниот инспекторат за труд се утврди дека физичкото лице кое врши самостојна дејност, **НЕ ГИ ИСПОЛНИЛО УСЛОВИТЕ за добивање на финансиска поддршка.**

### *1.2.2. Поднесување на Барање за пресметување на износот за враќање на примената финансиска поддршка за месеците Октомври, Ноември и Декември/2020 година за исплата на финнсиски средства*

Физичкото лице Физичкото лице **“ММ”** регистрирано како **“ТП АЛФА” ќе поднесе Барање** за пресметување на износот на враќање на примената финансиската поддршка за исплата на финансиски среддства за месеците **Октомври Ноември и Декември/2020 година** на **ОБВРЗЕЦОТ “ДБ-БВ-ФП**”, **НАЈДОЦНА** до рокот за поднесување на годишен даночен биланс за 2020 година (**15.03.2021 година).**

Барањето се поднесува преку системот **е-Персонален данок (во мени Аконтативна пресметка).**

**БАРАЊЕ**
**за пресметување на износот за враќање на примената финансиска поддршка**

ДБ-БВ-ФП

| | |
|---|---|
| Единствен даночен број | 4030978741376 |
| Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт | ТП "АЛФА" СКОПЈЕ |
| Телефон | 02/3260330 |
| е-пошта | alfa@yahoo.com.mk |

## А. ПРЕСМЕТКА НА ИЗНОСОТ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ПРИМЕНАТА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА

| | |
|---|---|
| 1. **Финансиски резултат во Биланс на приходи и расходи утврден како добивка или загуба пред оданочување за 2020 година** (АОП 01 или АОП 02 од „образец "ДЛД-ДБ") | 110.000 |
| 2. **Непризнаени расходи за даночни цели за 2020 година** (АОП 03 од образец "ДЛД-ДБ") | 30000 |
| 3. **Даночна основа за 2020 година** (АОП 22 од образец "ДЛД-ДБ") - ред.број 1 + ред.број 2 | 140.000 |
| 4. **Износ од 50% од износот на искажаниот финансиски резултат пред оданочување во Билансот на приходи и расходи (образец "Б") за 2020 година, зголемен за непризнаените расходи за даночни цели во Годишниот даночен биланс за 2020 година (образец "ДЛД-ДБ") - ред.број 3 x 50%** | 70.000 |
| 5. **Износ на примена финансиска поддршка од страна на физичкото лице кое врши самостојна дејност** | 52.230 |

## ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛ

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

Податоци за обработката

1/2

***1.3. Враќање на финансиска поддршка за физичко лице кое врши самостојна дејност и се оданочува по вистински доход за финансиска поддршка за месеците АПРИЛ, МАЈ и ЈУНИ/2020 година и месеците ОКТОМВРИ, НОЕМВРИ и ДЕКЕМВРИ/2020 година***

Согласно член **10 од Законот**, Физичкото лице кое врши самостојна дејност и се оданочува по **вистински доход** доколку **било корисник на финансиска ПОМОШ** согласно **Законот** и **согласно член 8 од Уредбата** со законска сила за финансиска поддршка на физичките лица кои вршат самостојна дејност погодени од здравствено економска криза предизивикана од Коронавирусот COVID-19 **за време на вонредна состојба** има обврска за враќање на средствата примени како финансиска поддршка. **Вкупниот износ на средствата** добиени како финансиска поддршка за месеците **Април, Мај и Јуни/2020** година, и месеците **Октомври, Ноември и Декември/2020** година, кои треба да се вратат во Буџетот на РСМакедонија , **КУМУЛАТИВНО** да изнесува **НАЈМНОГУ** до **50% од износот на искажаниот финансиски резултат пред оданочување** во **Билансот на приходи и расходи** (**Образец “Б”**), за 2020 година, **зголемен** за непризнаените расходи за даночни цели во Годишниот даночен биланс за утврдување на данокот на доход од вршење на самостојна дејност за 2020 година **(Образецот” ДЛД-ДБ**”).

***1.3.1. Пресметување на износот за враќање на примената финансиска поддршка за месеците Април, Мај и Јуни/2020 година и месеците Октомври, Ноември и Декември/2020 година, за физичко лице кое врши самостојна дејност и се оданочува по вистински доход***

**ПРИМЕР**: Физичкото лице **“НН” регистрирано како ТП “ТИГО”** искористило финансиска поддршка за месеците **АПРИЛ, МАЈ и ЈУНИ/2020 година,** во вкупен износ од **43.500 денари (3 х 14.500)** и за месеците **ОКТОМВРИ, НОЕМВРИ и ДЕКЕМВРИ 2020 година**, во вкупен износ од **52.230 денари (3 х 17.410,00).**

**Износот на финансиската поддршка во кумулативен износ изнесува: 95.730, 00 денари.**

**ПРЕСМЕТКА:**

| | |
|---|---|
| **1. Финансиски резултат во Биланс на приходи** и расходи односно Нето приход пред оданочување **(Образец “Б”) за 2020** | **140.000** |
| **2. Непризнатите расходи за даночни цели** за 2020 година (АОП 03 Образец “ДЛД-ДБ”) | **30.000** |
| **3. Даночна основа за 2020 година** (АОП 22 од Образец “ДЛД-ДБ”) | **170.000** |
| **4. 50 % од даночната основа (3 x 50%)** | **85.000** |
| **5. Добиена финансиска помош за месеците** АПРИЛ МАЈ И ЈУНИ/ 2020 | **43.500** |
| **6. Добиена финансиска помош за месеците** ОКТОМВРИ, НОЕМВРИ и ДЕКЕМВРИ / 2020 | **52.230** |
| **7. ВКУПНО добиена финансиска поддршка за 2020 година** | **95.730** |

**ВРАЌАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА ИСКОРИСТЕНАТА ФИНАНАСИСКА ПОДДРШКА**

**Износ за враќање во месеците Април, Мај и Јуни/2021**
85.000:95.730 x 43.500=38.624
38.624:3=**12.875,00 денари.**

**Износ за враќање во месеците Октомври, Ноември и Декември/2021**
85.000:95.730 x 52.230=46.376
38.624:3=**15.459,00 денари.**

**НАПОМЕНА: Физичкото лице регистрирано како ТП “ТИГО”, ИМА ОБВРСКА да ја врати доделената финансиска поддршка за месците Април, Мај и Јуни/2020 година, во висина од 12.875,00 денари, по месец, а доделената финансиска поддршка за месците Октомври, Ноември и Декември/2020 година, да ја врати во висина од 15.459,00 денари, по месец.**

**На овој начин на враќањето на финансиската поддршка кумулативно за двата периоди е многу по поволно за сопствениците отколку да СЕ ВРШИ СПОРЕДБА ОДВОЕНО ЗА ДОБИЕНАТА ФИНАСИСКА ПОДДРШКА ЗА ДВАТА ПЕРИОДИ .**

***1.3.2. Поднесување на Барање за пресметување на износот за враќање на применатата финансиска поддршка за месеците Април, Мај и Јуни/2020 година и Октомври, Ноември и Декември/2020 година за исплата на финнсиски средства***

Физичкото лице Физичкото лице **“НН”** регистрирано како **“ТП ТИГО” ќе поднесе Барање** за пресметување на износот на враќање на применатата финансиската поддршка за исплата на финансиски средства за месеците **Април, Мај и Јуни/2020 година** и месеците **Октомври Ноември и Декември/2020 година** на **ОБВРЗЕЦОТ “ДБ-БВ-ФП**”, **НАЈДОЦНА** до рокот за поднесување на годишен даночен биланс за 2020 година (**15.03.2021 година).**

Барањето се поднесува преку системот **<u>е-Персонален данок</u> (во мени Аконтативна пресметка)**

## *1.4. НЕВРАЌАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА*

***1.4.1. Обврска за НЕвраќање на финансиска поддршка за физичко лице кое врши самостојна дејност, а се оддаsucchuva на Годишен паушален нето доход***

Физичкото лице кое врши самостојна дејност и кое се оданочува согласно паушално утврден **Нето доход – паушалист нема обврска** да ги врати искористените средства од користените средства од финансиската поддршка.

Меѓутоа физичкото лице паушалист е должно да ги врати добиените финансиски средства во целост, заедно со камата, доколку по извршената контрола од страна на УЈП и/или Државниот инспекторат за труд се утврди дека физичкото лице не ги исполнило условите согласно **дадената Изјава.**

***1.4.2. Обврска за НЕ враќање на финансиска поддршка за физичко лице кое врши самостојна дејност и кое не искажало даночна основа во Годишниот Даночен биланс***

Физичкото лице кое врши самостојна дејност и се оданочува по **ВИСТИНСКИ ДОХОД** кое го искористило правото на финансиска поддршка согласно Законот и **кое не искажало даночна основа во Годишниот Даночен биланс** за утврдување на данокот на доход од вршење на самостојна

дејност **(ОБРАЗЕЦ “ДЛД - ДБ“)**, износот на примена финансиска поддршка **НЕМА ДА ЈА ВРАТИ** во Буџетот на РСМ, **доколку нема обврски по основ на неплатени даноци и придонеси.**

За физичкото лице кое врши самостојна дејност-барател на финансиска поддршка **кое дало ИЗЈАВА**, **а не ги исполнило условите за одобрување на финансиската подршка**, **ќе се применуваат одредбите од Кривичниот законик.**

## *2. БАРАЊЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ПРИМЕНАТА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИ НА СВОИТЕ ВРАБОТЕНИ*

Физичките лица кои вршат самостојна дејност, кои го искористиле правото на финансиска поддршка за исплата на плати за своите вработени, согласно Законот за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено – економската криза предизвикана од вирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците **Октомври, Ноември и Декември/ 2020 година**, („Службен весник на РС Македонија” број 267 /20), и согласно Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците **Април, Мај, Јуни/ 2020 година** („Службен весник на РС Македонија” 111/20, 113/20 и 154/20), **имаат обврска примените финансиски средства да ги вратат во Буџетот на РСМакедонија.**

Враќањето **е најмногу до износот од 50%** од износот на искажаниот финансиски резултат пред оданочување во Билансот на приходи и расходи **(Образец <u>Б</u>)** за 2020 година, **зголемен за непризнаените расходи** за даночни цели во Годишниот Даночен Биланс за утврдување на данокот на доход од вршење на самостојна дејност за 2020 година.

**За враќање на износот на примената финансиска поддршка за исплата на плати,** физичките лица кои вршат самостојна дејност, треба да поднесат Барање за пресметување на износот за враќање на примената финансиска поддршка, за исплата на плати и тоа:

- **БАРАЊЕ за пресметување на износот на враќање на примената финансиска поддршка за исплата на плати за месеците ОКТОМВРИ, НОЕМВРИ И ДЕКЕМВРИ 2020 година Образец „ДБ-БВ-ФП/1”;**
- **БАРАЊЕ за пресметување на износот на враќање на примената финансиска поддршка за исплата на плати за месеците АПРИЛ, МАЈ И ЈУНИ 2020 година-Образец „ДБ-БВ-ФП/2”.**

***2.1. Пресметување на износот за враќање на примената финансиска поддршка за исплата на плати за Април, Мај, Јуни/2020 година и Октомври, Ноември, Декември/2020 година, за своите вработени***

**ПРИМЕР**: Физичкото лице **“НН**” Регистриран како **ТП** “**ЗОРА”** за двајца свои вработени има примено финансиска поддршка за месеците **АПРИЛ, МАЈ и ЈУНИ/2020 година,** во вкупен износ од **87.000,00 денари (3 месеци x 14.500 денари за 2 вработени),** за месеците **ОКТОМВРИ, НОЕМВРИ И ДЕКЕМВРИ 2020 година**, има **пад** на **приходите за 55%** и има добиено финансиска поддршка во вкупен износ **104.460,00 денари (3 месеци x 17.410 денари за 2 вработени).**

**Износот на финансиската поддршка во кумулативен износ изнесува: 191.460, 00 денари.**

**ПРЕСМЕТКА:**

| | |
|---|---|
| **1. Финансиски резултат во Биланс на приходи** и расходи односно нето приход пред оданочување **(Образец “Б”) за 2020** | 140.000 |
| **2. Непризнатите расходи за даночни цели** за 2020 година **(АОП 03 Образец “ДЛД-ДБ”)** | 30.000 |
| **3. Даночна основа за 2020 година (АОП 22 од Образец “ДЛД-ДБ”)** | **170.000** |
| **4. 50 % од даночната основа (3 x 50%)** | **85.000** |
| 5. Добиена финансиска помош за месеците **АПРИЛ МАЈ И ЈУНИ/ 2020** | 87.000 |
| 6. Добиена финансиска помош за месеците **ОКТОМВРИ, НОЕМВРИ ДЕКЕМВБРИ/ 2020** | 104.460 |
| **7. ВКУПНО добиена финансиска поддршка за 2020 година** | **191.460** |

**ВРАЌАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА ИСКОРИСТЕНАТА ФИНАНАСИСКА ПОДДРШКА**

**Износ за враќање во месеците Април,Мај и Јуни/2021**
85.000 : 191.460 x 87.000 = 38.624
38.624:3=**12.875,00 денари.**

**Износ за враќање во месеците Октомври, Ноември и Декември/2021**
85.000:191.460 x 104.460 = 46.376
38.624:3=**15.459,00 денари.**

**НАПОМЕНА: Физичкото лице регистрирано како ТП "ЗОРА", ИМА ОБВРСКА да ја врати доделената финансиска поддршка за месците Април, Мај и Јуни/2020 да ја врати во висина од 12.875,00 денари, по месец, а доделената финансиска поддршка за месците Октомври, Ноември и декември/2020 да ја врати во висина од 15.459,00 денари, по месец.**

Разликата во висина **од 106.460,00** денари, која останува ке претставува **ПРИХОД од Субвенции во 2021 година.**

**(191.460,00 – 85,000 = 106,460,00)**

***2.2. Поднесување на Барање за пресметување на износот за враќање на примената финансиска поддршка за месеците Април, Мај и Јуни/2020 година и Октомври, Ноември и Декември/2020 година за исплата на плата за своите вработени***

Физичкото лице Физичкото лице **"НН"** регистрирано како **"ТП ЗОРА" ќе поднесе Барање** за пресметување на износот на враќање на примената финансиската поддршка за исплата на плати на своите вработени за месеците **Април, Мај и Јуни/2020 година, на Образцот "ДБ-БВ-ФП/2"** и месеците **Октомври Ноември и Декември/2020 година** на **ОБВРЗЕЦОТ "ДБ-БВ-ФП**"/1, **НАЈДОЦНА** до рокот за поднесување на годишен даночен биланс за 2020 година (**15.03.2021 година).**

Барањето се поднесува преку системот **<u>е-Персонален данок</u> (во мени Аконтативна пресметка).**

**БАРАЊЕ**
**за пресметување на износот за враќање на применета финансиска поддршка за исплата на плати за месеците април, мај и јуни 2020 година**

**ДБ-БВ-ФП/2**

| | |
|---|---|
| Единствен даночен број | 4030978355260 |
| Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт | ТП "ЗОРА"<br>1000 СКОПЈЕ |
| Телефон | 02/3260330 |
| е-пошта | alfa@yahoo.com.mk |

**А. ПРЕСМЕТКА НА ИЗНОСОТ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ПРИМЕНАТА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИ НА ОБВРЗНИЦИТЕ НА ДАНОКОТ НА ДОХОД ОД ВРШЕЊЕ НА САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ**

| | |
|---|---|
| **1. Финансиски резултат во Биланс на приходи и расходи утврден како добивка или загуба пред оданочување за 2020 година** (АОП 01 или АОП 02 од „образец "ДЛД-ДБ") | 140.000 |
| **2. Непризнаени расходи за даночни цели за 2020 година** (АОП 03 од образец "ДЛД-ДБ") | 30.000 |
| **3. Даночна основа за 2020 година** (АОП 22 од образец "ДЛД-ДБ") - ред.број 1 + ред.број 2 | 170.000 |
| **4. Износ од 50% од износот на искажаниот финансиски резултат пред оданочување во Билансот на приходи и расходи (образец "Б") за 2020 година, зголемен за непризнаените расходи за даночни цели во Годишниот даночен биланс за 2020 година (образец "ДЛД-ДБ")** - (ред.број 3 х 50%) | 85.000 |
| **5. Износ на финансиска поддршка за исплата на плати кој го искористил работодавачот** | 104.460 |

**ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

| | |
|---|---|
| Податоци за обработката | |

1/2

**БАРАЊЕ**

**за пресметување на износот за враќање на примената финансиска поддршка за исплата на плати за месеците октомври, ноември и декември 2020 година**

**ДБ-ВВ-ФП/1**

| | |
|---|---|
| Единствен даночен број | 4030978355260 |
| Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт | ТП "ЗОРА"<br>1000 СКОПЈЕ |
| Телефон | 02/3260330 |
| е-пошта | zora@yahoo.com.mk |

**А. ПРЕСМЕТКА НА ИЗНОСОТ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ПРИМЕНАТА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИ НА ОБВРЗНИЦИТЕ НА ДАНОКОТ НА ДОХОД ОД ВРШЕЊЕ НА САМОСТОЈНА ДЕЈНОСТ**

| | |
|---|---|
| **1. Финансиски резултат во Биланс на приходи и расходи утврден како добивка или загуба пред оданочување за 2020 година** (АОП 01 или АОП 02 од „образец "ДЛД-ДБ") | 140.000 |
| **2. Непризнаени расходи за даночни цели за 2020 година** (АОП 03 од образец "ДЛД-ДБ") | 30.000 |
| **3. Даночна основа за 2020 година** (АОП 22 од образец "ДЛД-ДБ") - ред.број 1 + ред.број 2 | 170.000 |
| **4. Износ од 50% од износот на искажаниот финансиски резултат пред оданочување во Билансот на приходи и расходи (образец "Б") за 2020 година, зголемен за непризнаените расходи за даночни цели во Годишниот даночен биланс за 2020 година (образец "ДЛД-ДБ")** - (ред.број 3 x 50%) | 85.000 |
| **5. Износ на финансиска поддршка за исплата на плати кој го искористил работодавачот** | 87.000 |

**ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

| | |
|---|---|
| Податоци за обработката | |

1/2

### *3. БАРАЊЕ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ИЗНОСОТ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ПРИМЕНАТА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ ЗА ИСПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ*

Физичките лица кои вршат самостојна дејност кои го искористиле правото на субвенционирање за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување, согласно **Уредбата со законска сила за субвенционирање на исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за време на вонредна состојба** („Службен весник на РСМ“, број 92/2020 и 116/2020), за месеците **АПРИЛ, МАЈ И ЈУНИ**, должни се примените финансиски средства да ги вратат во Буџетот на Република Северна Македонија, но најмногу **до износот од 50%** од износот на искажаниот финансиски резултат пред оданочување во Билансот на приходи и расходи **(Образец Б)** за 2020 година, **зголемен** за непризнаените расходи за даночни цели во Годишниот Даночен Биланс **(ОБРАЗЕЦ ДЛД-ДБ)** за утврдување на данокот на доход од вршење на самостојна дејност за 2020 година.

За враќање на износот на примената субвенција за исплата на придонеси од задолжително осигурување, физичките лица кои вршат самостојна дејност треба да поднесат Барање за пресметување на износот за враќање на примената субвенција за исплата на придонеси од задолжително осигурување за месеците **Април, Мај и Јуни 2020 година „ОБРАЗЕЦ ДБ-БВ-СПЗСО“.**

#### ***3.1. Пресметување на износот за враќање на прмената финансиска поддршка за субвенционирање за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за Април, Мај, Јуни/2020 година***

**ПРИМЕР:** Физичкото лице **“НН”** регистрирано како **ТП** “**ОРБИТ”** добило субвенција за исплата на придонеси за месеците **Април, Мај и Јуни /2020** година **,** во вкупен износ од **50,000,00 денари.**

**Пример 1: ПРЕСМЕТКА:**

| | |
|---|---|
| **1. Финансиски резултат во Биланс на** приходи и расходи односно Нето приход пред оданочување **(Образец “Б”) за 2020** | 140.000 |
| **2. Непризнатите расходи за даночни цели** за 2020 година **(АОП 03 Образец “ДЛД-ДБ”)** | 30.000 |
| **3. Даночна основа за 2020 година** (АОП 22 од Образец “ДЛД-ДБ”) | **170.000** |
| **4. 50 % од даночната основа (3 х 50%)** | **85.000** |
| Добиена финансиска помош за месеците **АПРИЛ МАЈ И ЈУНИ/ 2020** | **50,000** |

**ВРАЌАЊЕ НА ИЗНОСОТ НА ИСКОРИСТЕНАТА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА**

**Самостојниот вршител на дејност ќе ја врати добиената субвенција во полн износ поради тоа што 50% од износот на Даночната основа е повсок од износот на добиента субвенција (85.000 е поголем износ од 50.000 денари.**

| |
|---|
| **Износ за враќање во месеците Април, Мај и Јуни/2021** |
| **50.000 : 3=16.667,00 денари.** |

***3.2. Поднесување на Барање за пресметување на износот за враќање на примената субвенција за исплата на придонеси од задолжително осигурување за месеците Април, Мај и Јуни/2020 година.***

Физичкото лице Физичкото лице **“НН”** регистрирано како **“ТП ТИГО” ќе поднесе Барање за пресметување на износот за враќање на примената субвенција за исплата на придонеси од задолжително осигурување за месеците Април, Мај и Јуни/2020 година,** на **ОБВРЗЕЦОТ “ДБ-БВ-СПЗСО”**, **НАЈДОЦНА** до рокот за поднесување на годишен даночен биланс за 2020 година (**15.03.2021 година).**

Барањето се поднесува преку системот **<u>е-Персонален данок</u> (во мени Аконтативна пресметка).**

**НАПОМЕНА**:За физичките лица вршители на самостојна дејност кои имаат негативен финансиски резултат **(загуба**) за 2020 година, проверка на условот за неплатени даноци и придонеси **ќе се прави по службена должност** согласно податоците од последно објавената листа на должници. Доколку во меѓувреме се намирени даночните долгови и обврзникот нема неплатени долгови по основ на даноци и придонеси за истото треба **да приложи Уверение за платени даноци и придонеси** до надлежната Регионална дирекција на УЈП, каде се администрира.

## *4. РОКОВИ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ДОБИЕНАТА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА*

Корисниците на финансиска поддршка имаат обврска по исполнување на условите, истата да ја вратат во утврдениот износ и тоа:

- Искористената финансиска поддршка согласно Уредбите во месеците **Април, Мај и Јуни 2020 година, има обврска да се врати во месеците Април, Мај и Јуни 2021 година;**

- Искористената финансиска поддршка согласно Законот во месеците **Октомври, Ноември и Декември 2020 година, има обврска да се врати во месеците Октомври Ноември и Декември 2021 година.**

### *4.1. Уплатна сметка за плаќање на повеќе добиена финансиска помош*

Враќањето на повеќе добиената финансиска помош се врши на **Образецот: ПП-50 на следниот начин**:,

| | |
|---|---|
| **НАЗИВ НА ПРИМАЧ :** | **Буџет на РС Македонија** |
| **ТРАНСАКЦИСКА СМЕТКА:** | **100000000063095** |
| **ТРЕЗОРСКА СМЕТКА:** | **630010001963019** |
| **ПРИХОДНО КОНТО:** | **725938 програма 00** |
| **ЦЕЛ НА ДОЗНАКА :** | **Враќање на средства на сметка 040010007863713, Конто 464990, Програма П1** |

**БАРАЊЕ**

**за пресметување на износот за враќање на примената субвенција за исплата на придонеси од задолжително социјално осигурување за месеците април, мај и јуни 2020 година**

**ДД-ГДВП/БВ-СП3СО**

| | |
|---|---|
| Единствен даночен број | 4030366430200 |
| Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт | ТП "ОРБИТ"<br>1000 СКОПЈЕ |
| Телефон | 02/3255-660 |
| е-пошта | orbit@yahoo.com |

Датум и број на прием:

**А. ПРЕСМЕТКА НА ИЗНОСОТ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ПРИМЕНАТА СУБВЕНЦИЈА ЗА ИСПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЗА ОБВРЗНИЦИТЕ НА ДАНОК НА ДОБИВКА**

| | |
|---|---|
| **1. Финансиски резултат во Биланс на успех утврден како добивка или загуба пред оданочување** (АОП 01 од „образец ДБ" за 2020 година) | 140.000 |
| **2. Неодбитни расходи и помалку искажани приходи за даночни цели** (АОП 02 од „образец ДБ" за 2020 година) | 30.000 |
| **3. Даночна основа за 2020 година** (АОП 40 од „образец ДБ" за 2020 година/реден број 1 + реден број 2) | 170.000 |
| **4. Износ од 50% од остварениот финансиски резултат пред оданочување за 2020 година, зголемен за износот на неодбитните расходи и помалку искажани приходи во Даночниот биланс „образец ДБ"** (реден број 3 x 50 %) | 85.000 |
| **5. Износ на финансиска поддршка за исплата на плати кој го искористил работодавачот** | 50.000 |

**Б. ПРЕСМЕТКА НА ИЗНОСОТ ЗА ВРАЌАЊЕ НА ПРИМЕНАТА СУБВЕНЦИЈА ЗА ИСПЛАТА НА ПРИДОНЕСИ ОД ЗАДОЛЖИТЕЛНО СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ОБВРЗНИЦИТЕ НА ГОДИШЕН ДАНОК НА ВКУПЕН ПРИХОД**

| | |
|---|---|
| **1. Финансиски резултат пред оданочување искажан како добивка или загуба пред оданочување во Билансот на успех** (АОП 250/251 од БУ за 2020 година) | |
| **2. Износ од 50% од финансиски резултат пред оданочување искажан во Билансот на успех за 2020 година** (реден број 1 x 50 %) | |
| **3. Износ на финансиска поддршка за исплата на плати кој го искористил работодавачот** | |

**ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

1/2

## *5. БАРАЊЕ ЗА ПРЕТВОРАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИ ВО ГРАНТ*

Физички лица вршители на самостојна дејност – корисници на финансиска поддршка за исплата на плати **за месеците Април, Мај и Јуни 2020 година,** кои ги исполниле условите дефинирани во Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на работодавачите погодени од здравствено-економската криза предизвикана од коронавирусот COVID-19, заради исплата на платите за месеците **Април, Мај, Јуни/ 2020 година** („Службен весник на РС Македонија" 111/20, 113/20 и 154/20), можат да поднесат **Барање за претворање на финансиската поддршка за исплата на плати во ГРАНТ, на ОБРАЗЕЦ "Б-ПФПГ".**

Барањето се доставува најдоцна до рокот за поднесување на Даночниот биланс за 2020 година.

Барањето се поднесува преку системот е-Персонален данок (во мени Аконтативна пресметка)

**Прилозите кон Барањето,**

- **Фактури за извршените набавки** и
- **Изводи** од носител на ***платен промет како доказ за извршеното плаќање на фактурите (оригинал или заверени копии) се доставуваат во хартиена форма до надлежната Регионална дирекција на УЈП, каде се администрира обврзникот.***

Фактурите и изводите како доказ за извршените инвестирања направени од 31.12.2020 година, се поднесуваат со „верно на оригиналот" од управителот или нотарска заверка.

За да се одобри трансформација на финансиска поддршка во грант, износот на инвестициите мора да е еднаков или поголем од износот на примената финансиска поддршка.

**БАРАЊЕ**
**за претворање на финансиска поддршка за исплата на плати во грант**

Б-ПФПГ

| | |
|---|---|
| Единствен даночен број | 4030789265330 |
| Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт | ТП "СКАЈ" 1000 СКОПЈЕ |
| Телефон | 02/3255-460 |
| е-пошта | skaj@yahoo.com |

## А. СВОЈСТВО НА БАРАТЕЛОТ

☐ Работодавач - правно лице

☒ Работодавач - Физичко лице кое врши самостојна дејност

## Б. ИЗЈАВА ЗА ИСПОЛНЕТОСТ НА УСЛОВИТЕ ЗА ПРЕТВОРАЊЕ НА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИ ВО ГРАНТ

**Изјавувам дека ги исполнувам следните услови:**

☐ а) Имам вработено до 250 вработени

☐ б) Во последните 2 години имам исплатено добивка после оданочување

☐ в) Не се наоѓам на листата на должници согласно со последната објавена Листа на должници на доспеани и неплатени долгови на Управата за јавни приходи на денот на поднесување на барањето

☐ г) Заклучно со 29 февруари 2020 година не сум доцнел со плаќање на обврските по основ на кредити подолго од 90 дена од денот на доспеаноста, согласно со податоците за задолженост од соодветен регистар/Биро

☐ д) Ќе докажам дека финансиските средства во износ еднаков или поголем од износот за добиена финансиска поддршка сум ги искористил за:

**1) Инвестиции во вработени:**
- Обука на вработените во области како што се маркетинг и брендирање, финансиско управување, подобрување на производството, истражување и развој, дигитални вештини и надградба и слични обуки
- Обука на вработените за управување како што е бизнис менаџмент, стратегија, корпоративно управување или која било активност дефинирана под обука на вработените за целите на вршење на дејноста

**2) Оперативни подобрувања на компанијата:**
- Набавки поврзани со надградба на производството (на пр. Подобрување на производство и дизајнирање на процеси), маркетинг и брендирање, промена на деловниот модел, дигитална трансформација (автоматизација, онлајн трговија), нова експанзија на пазарот, развој на нов производ и слични набавки
- Воведување на акредитирани нови стандарди, набавки на патенти, авторски права, трговски марки и други права од интелектуална сопственост

**3) Продуктивен капитал:**
- Набавки на опрема и други средства кои се користат за подобрување на ефикасноста и продуктивноста на работењето, опрема поврзана со производството, компјутери и друга соодветна опрема, софтвер, опрема за транспорт и слични набавки во функција на вршење на дејноста

☐ ѓ) Набавките од точки 1), 2) и 3) ги извршив до крајот на 2020 година

## В. ИЗНОС НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИ КОЈ ГО ИСКОРИСТИЛ РАБОТОДАВАЧОТ

Износ на финансиска поддршка

## Г. ИЗНОС НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИСПЛАТА НА ПЛАТИ ПРЕТВОРЕН ВО ГРАНТ

| Даночен обврзник (1) | Набавени добра и услуги (2) | Вкупен износ без ДДВ (3) | Износ на ДДВ (4) | Вкупно (5) |
|---|---|---|---|---|
| Регистриран ДДВ обврзник | со право на одбивка на претходен данок | | | |
| | без право на одбивка на претходен данок | | | |
| Нерегистриран ДДВ обврзник | | | | |

1/3

**Д. ПРИЛОЗИ**

- [ ] Фактури за извршените набавки
- [ ] Изводи од носител на платен промет како доказ за извршеното плаќање на фактурите
- [ ] Уверение за платени даноци и придонеси

**ПОДАТОЦИ ЗА СОСТАВУВАЧОТ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Назив / Име и презиме | | | |
| ЕДБ / ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

**ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛ**

| | | | |
|---|---|---|---|
| Име и презиме | | | |
| ЕМБГ | | Датум на пополнување | |
| Својство | | Потпис | |

| | |
|---|---|
| Податоци за обработката | |

# ПРАВО И ЛЕГИСЛАТИВА

*дипл. правник Христина Игнатоска*

## ОТКАЗ ОД ДЕЛОВНИ ПРИЧИНИ (ТЕХНОЛОШКИ ВИШОК)

***Во услови на влошена економско - финансиска состојба ,како што е моменталната состојба во светот со појавата на пандемијата COVID-19 или настанати други економски организациони и слични промени кај правниот субјект, еден од објективните економски услови за надминување на истата, претставува и намалувањето на бројот на вработени, со отказ поради деловни причини.***

### *ВОВЕД*

Отказот поради деловни причини или “технолошкиот вишок” е категорија која најчесто ги интересира правните субјекти, во услови на променети технолошки, економски, организациони и слични услови.

***“Технолошкиот вишок”*** како категорија по правило се јавува кај правни субјекти кај кои што се појавиле економско – финансиски по-тешкотии во работењето. Најчесто тоа се огледа преку економско – финансискиот резултат, приходите односно намалување на добивката или појава на загуба.

Технолошкиот вишок може да биде предизвикан и од намалувањето на обемот на работа како последица од губење на пазарот или од техничко-технолошкиот развој, како намален потребен број на ефективни вработени.

Технолошкиот вишок го следи и психолошкиот момент при неговото воспоставување и во практика предизвикува многу контроверзии.

## *1. ПРАВА И ОБВРСКИ НА РАБОТОДАВЕЦОТ ВО СЛУЧАЈ НА ОТКАЗ ОД ДЕЛОВНИ ПРИЧИНИ*

Согласно член 95 од Законот за работни односи (“Службен весник на РМ” 62/05...110/19), работодавачот кој има на-мера да им даде отказ на поголем број работници од деловни причини, односно најмалку 20 работници за период од 90 дена при секој престанок на работен однос, без оглед на вкупниот број на работниците кај работодавачот, има должност и обврска најдоцна еден месец пред донесувањето на ***Одлука за престанок на работен однос***, да спроведе консултации со претставниците на работниците за:

- Причините за планираните отпуштања;
- Бројот и категориите на работници, кои се отпуштаат;
- Вкупниот број и категории на работници, кои се вработени и
- Периодот за кој планираните отпуштања, треба да се случат.

Работодавачот е должен по завршување на консулта-циите, писмено да ја извести службата надлежна за посреду-вање при вработување, заради помош и услуги од посредување при вработувањето, согласно со закон. Ова известување ги содржи сите релевантни информации во врска со планираните колективни отпуштања и за консултациите со претставниците на работниците, особено за причините за отпуштањата, бројот на работниците кои се отпуштаат, вкупниот број работници кај работодавачот и периодот за кој отпуштањата треба да се случат.

Работодавачите доставуваат до претставниците на работниците копија од известувањето доставено до службата надлежна за посредување при вработување, по кое претстав-ниците на работниците можат да достават свои предлози до службата надлежна за посредување при вработување.

Известувањето за планираните колективни отпуштања работодавачот е должен да го достави до службата надлежна за посредување при вработување, **најдоцна до 30 дена пред** донесувањето на одлуката за престанок на работниот однос на работниците.

Доколку рокот е пократок од 60 дена, службата за посредување при вработување може да побара продолжување на рокот до 60 дена по известувањето, ако проблемите кои произлегуваат од планираните колективни отпуштања, не можат да се решат во рамките на почетниот период.

Одредбата не се применува кај колективни отпуштања, кои произлегуваат од прекинување на дејностите на установата поради судска одлука, договорите за вработување на определено време и во тела на јавната администрација.

Пред да го откаже договорот за вработување од деловни причини (технолошки, економски, организациони и слични промени), поради кои престанува потребата од вршење на определена работа, работодавачот може на работникот да му понуди:

1) ***можност за вработување кај друг работодавач*** без огласување, со преземање и склучување договор за вработување за вршење на работи, кои одговараат на неговата стручна подготовка, односно квалификација;

2) ***стручно оспособување*** што подразбира обука, преквалификација или доквалификација за работа, кај истиот или кај друг работодавач или

3) ***нов договор за вработување.***

Овие одредби не се применуваат во случаите кога се работи за вработување на работник од трговско друштво, односно трговец поединец во државен орган, јавно претпријатие, јавна установа, единица на локалната самоуправа и градот Скопје, фондови, агенции, заводи и други правни лица, основани со закон.

## *2. ПРАВА И ОБВРСКИ НА РАБОТНИКОТ ВО СЛУЧАЈ НА ОТКАЗ ОД ДЕЛОВНИ ПРИЧИНИ*

Согласно член 97 од Законот, во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини, работникот има право да му биде исплатена испратнина и тоа:

- работникот кој има ***до пет години***, поминати во работен однос – испратнината му се исплатува во висина од ***една нето плата;***
- работникот, кој има ***од пет до десет години,*** поминати во работен однос – испратнината му се исплатува во висина од ***две и пол нето плати;***
- работникот кој има ***од десет до 15 години,*** поминати во работен однос – испратнината му се исплатува во висина од ***три и пол нето плати;***
- работникот кој има ***од 15 до 20 години,*** поминати во работен однос – испратнината му се исплату-ва во висина од ***четири и пол нето плати;***
- работникот кој има ***од 20 до 25 години,*** поминати во работен однос – испратнината му се исплату-ва во висина од ***шест нето плати*** и
- работникот кој има ***над 25 години,*** поминати во работен однос – испратнината му се исплатува во висина од ***седум нето плати.***

Како основица за пресметка на испратнината, за работникот, се зема просечната нето плата во последните шест месеци пред отказот, но истата да не биде помала од 50% од просечната нето плата, исплатена по работник во Републиката во последниот месец пред отказот.

Притоа како работен однос, се смета времето поминато во работен однос, кај ист работодавач и работниот однос поминат кај претходниот работодавач, на кој, поради настаната статусна промена, правен следбеник е последниот работодавач.

Испратнината се исплатува со денот на престанокот на работниот однос.

Според законот, секое барање, односно давање на согласност за откажување од правото на испратнина од страна на работодавачот, односно работникот се ништовни, без разлика дали се доброволни или принудни.

Испратнина не се исплатува во случај на откажување на договор за вработување од деловни причини, на работник кој врши сезонска работа, која трае до три месеци.

## *3. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОК ВО СЛУЧАЈ НА НЕВРАБОТЕНОСТ*

Висината на месечниот паричен надоместок за време на невработеност, се утврдува врз основа на пресметаните и исплатени плати кај работодавачот согласно со закон, колективен договор и договор за вработување и изнесува 50% од просечната месечна нето плата на работникот за последните 24 месеца, за лице кое има право на паричен надоместок до 12 месеца, а за лице кое има право на паричен надоместок подолго од 12 месеца, паричниот надоместок за првите 12 месеца изнесува 50% од просечната месечна нето плата на работникот за последните 24 месеца, а за преостанатото време 40% од просечната месечна нето плата.

Надоместокот за време на невработеност не може да изнесува повеќе од 80% од просечната месечна нето плата по работник во Републиката, објавена за последниот месец.

Паричниот надоместок се усогласува со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика во јануари за тековната година, за корисниците на паричен надоместок над 12 месеци.

Паричниот надоместок на невработеното лице, од страна на Буџетот на РМ се исплатува:

- ❖ еден месец, ако има стаж на осигурување најмалку девет месеца во непрекинато траење или 12 месеца со прекин во последните 18 месеца;
- ❖ два месеца, ако има стаж на осигурување над 18 месеца до две и пол години;
- ❖ три месеца, ако има стаж на осигурување над две и пол до пет години;
- ❖ четири месеца, ако има стаж на осигурување над пет до седум и пол години;
- ❖ пет месеца, ако има стаж на осигурување над седум и пол до десет години;
- ❖ шест месеца, ако има стаж на осигурување над десет до дванаесет и пол години;
- ❖ седум месеца, ако има стаж на осигурување над дванаесет и пол до 15 години;

- ❖ осум месеца, ако има стаж на осигурување над 15 до седумнаесет и пол години;
- ❖ девет месеца, ако има стаж на осигурување над седумнаесет и пол до 20 години;
- ❖ десет месеца, ако има стаж на осигурување над 20 до дваесет и две и пол години;
- ❖ единаесет месеца, ако има стаж на осигурување над дваесет и две и пол до 25 години и
- ❖ дванаесет месеца, ако има стаж на осигурување над 25 години.

На невработеното лице кое има над **15 години стаж** на осигурување, а на кое му недостасуваат **најмногу до 18 месеци** пред исполнување на услови за стекнување право на старосна пензија, паричен надоместок му се исплатува до неговото вработување, односно до настапувањето на некои од основите за престанок на правото на паричен надоместок.

Паричниот надоместок на невработеното лице, продолжува да се исплатува и по истекот на времето:

– на жена корисник на паричен надоместок за време на бременост и породување според прописите за работните односи;

– ако Агенцијата го упатила на обука, преквалификација или доквалификација до истекот на времето определено за тоа.

Неисплатениот дел од паричниот надоместок може по барање на невработеното лице да се исплати во еднократен износ или во месечни рати, но не подолго од 24 месеца, доколку средствата се користат за засновање работен однос на неопределено време.

Корисникот на средствата е должен да ги врати искористените средства на Агенцијата за вработување, доколку на лицето му престане работниот однос не по негова вина, пред истекот на двојно повеќе време од времето за кое користел средства, со банкарска камата на средствата по видување.

Лицето не може да биде евидентирано како невработено лице двојно повеќе време од времето за кое му е исплатен паричниот надоместок, во еднократен износ или на рати.

Во прилог ги објавуваме Обрасците, кои треба да се поднесат до Агенцијата за вработување, во случај на отказ од деловни причини (технолошки вишок).

До Агенцијата за вработување на РМ во услови на постоење на технолошки вишок се поднесуват следните обрасци:

1. Известување за престанување на потребата од работа на работниците заради помош и услуги од посредување при вработување

2. Потврда

3. Одлука за престанок на работен однос на работници од деловни причини (технолошки, економски, организациони и слични промени**)**

4. Решение за престанок на договорот за вработување поради деловни причини

Штембил

ДПИ

**И З В Е С Т У В А Њ Е**

**За престанување на потребата од работа на работниците заради помош и услуги од посредување при вработување**

Согласно член 95 став 2 од Законот за работните односи (“Службен весник на РМ” 62/05...27/16) ВЕ ИЗВЕСТУВАМЕ дека од деловни причини (технолошки, економски, организациони и слични промени) во ____________________ со матичен број ____________ шифра на дејност __________ даночен број жиро сметка улица и број ____________________, телефон ______________, општина ____________________, со вкупен број вработени ________, со состојба на ден ____________, во рок од ____ месеци, ќе престане потребата од работата на следните работници.

| Р.б р. | Име и Пре-зиме | ЕМБГ на работникот | Зани-мање | На кои работи работел | Работен стаж кај работо-давачот | Бене-фициран стаж | Вкупе н рабо-тен стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

За Центарот за вработување

- За работодавачот М.П. ______________
  - За работникот
  - за работадавач

Штембил

ДПП-1

# П О Т В Р Д А

Работодавецот ______________________________
потврдува дека на работникот _________________________
износот на пресметаните и исплатени плати, согласно закон и колективен договор, за последните 24 месеци, искажани по месеци изнесува:

| **Р.бр.** | **Месец и година** | **Износ** |
|---|---|---|
| 1 | ______________ година | ______________ денари |
| 2 | ______________ година | ______________ денари |
| 3 | ______________ година | ______________ денари |
| 4 | ______________ година | ______________ денари |
| 5 | ______________ година | ______________ денари |
| 6 | ______________ година | ______________ денари |
| 7 | ______________ година | ______________ денари |
| 8 | ______________ година | ______________ денари |
| 9 | ______________ година | ______________ денари |
| 10 | ______________ година | ______________ денари |
| 11 | ______________ година | ______________ денари |
| 12 | ______________ година | ______________ денари |
| 13 | ______________ година | ______________ денари |
| 14 | ______________ година | ______________ денари |
| 15 | ______________ година | ______________ денари |
| 16 | ______________ година | ______________ денари |
| 17 | ______________ година | ______________ денари |
| 18 | ______________ година | ______________ денари |
| 19 | ______________ година | ______________ денари |
| 20 | ______________ година | ______________ денари |
| 21 | ______________ година | ______________ денари |
| 22 | ______________ година | ______________ денари |
| 23 | ______________ година | ______________ денари |
| 24 | ______________ година | ______________ денари |

Во ___________ на ден _________ година

ДПО-2

Штембил

Врз основа на член 97 од Законот за работните односи ("Службен весник на РМ" 62/05…27/16) и член _________ од Статутот на ________________________________________________ Управниот одбор-Управителот на ден ______________ донесе

**О Д Л У К А**

**за престанок на работен однос на работници од деловни причини (технолошки, економски, организациони и слични промени)**

Од деловни причини (технолошки, економски организациони и слични промени) работниот однос ќе им престане на следните работници:

1. ______________________ 4. ______________________

2. ______________________ 5. ______________________

3. ______________________ 6. ______________________

На работниците, на кои ќе им престане работниот однос, со денот на престанокот на работниот однос, работодавачот ќе им исплати испратнина за времето поминато во работен однос кај работодавачот, но не повеќе од 6 (шест) плати.

Основицата за пресметка на испратнината е просечната плата на работникот во последните 6 (шест) месеца пред отказот, но не помала од платата врз основа на која се исплаќаат придонесите за социјално и здравствено осигурување.

Доставено до ____________________

(за работодавецот)

За Центарот за вработување
- За работодавачот
- За работникот

Штембил ТВР-3

Врз основа на член 95 и член 97, став 1 од Законот за работни односи (“Службен весник на РМ” 62/05...27/16), Одлуката за **за престанок на работен однос на работници од деловни причини (технолошки, економски, организациони и слични промени)** бр.________________ од ______.______._________ година и член 72 од Колективниот договор за трговија на Република Македонија, управителот на _________________________________________________ на ______.______._________ година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. На работникот ________________________________ на работно место ________________________ му престанува работниот однос, заклучно со ______.______._________ година со отказ поради економски, технолошки, структурални или слични промени.

2. При престанокот на работниот однос на работникот му се исплатуваат _________________ денари како еднократен надоместо во вид на испратнина што претставува _______________ месечни плати на работникот, остварена во претходниот месец.

3. При престанокот на работниот однос на работникот му се враќа работната книшка, со заведен работен стаж и со евидентирање на исплатеното право на испратнина.

4. Работникот е должен, по приемот на решението да се пријави во службата надлежна за посредување при вработување.

Поука: Именуваниот работник има право на приговор против ова решение до _______________, во рок од ________ дена од денот на неговото врачување.

Доставено до:

- работникот
- Агенцијата за вработување
- работодавецот

_________________

(за работодавецот)

# ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ

*Јулија Минковска*

## П Л А Т И
## ЗА МЕСЕЦ ФЕВРУАРИ 2021 ГОДИНА

| | |
|---|---|
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2021 година (за даноци и придонеси)* | *41.141,00* |
| *НАЈНИСКА основица за ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ 50% од просечна месечна бруто плата исплатена во РМ.за 2021 година за образец (МПИН)* | *20.571,00* |
| *НАЈВИСОКА основица за пресметка на придонеси (16 просечни бруто плти (16 x 41.141 )* | *658.256,00* |
| *Даночно МЕСЕЧНО намалување за 2021 година* | *8.438,00* |
| *Дневница за службени патувања од 23.02.2021* | *2.234,00* |
| *Просечна исплатена месечна НЕТО плата по вработен за 2020 година* | *27.182,00* |
| *Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за 2020 година* | *40.566,00* |

### *1. ПРОСЕЧНО ИСПЛАТЕНА МЕСЕЧНА БРУТО ПЛАТА ПО ВРАБОТЕН ЗА / 2021 ГОДИНА*

Просечо исплатена месечна **БРУТО** плата по работник во РС Македонија, за **2021** година изнесува:

**41.141,00 денари**

Просечната плата се користи за утврдување на најниската и највисоката основица за пресметка на придонесите од задолжително социјално осигурување и тоа за пресметките за плата, кои се однесуваат за период **Јануари - Декември 2021 година.**

## *2. НАЈНИСКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

Согласно член 15 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на РМ" 142/08...171/17; 35/18; 247/18), ***Основица*** за пресметување и плаќање на придонесите од плата, односно основица за осигурување за тековната година, ***не може да биде пониска од 50%*** од просечна плата по работник во РС Македонија, **објавена во Јануари во тековната година**, според податоците на ДЗС, **која за *2021* година, изнесува:**

| |
|---|
| **20.571,00 денари (41.141,00 x 50%)** |

### *2.1. Најниска основица за самовработени лица*

| |
|---|
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА*** **– вршител на самостојна економска дејност (*таксисти, занаетчии*)**<br>**20.571,00 денари** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА*** **– вршител на професионална и друга интелектуална дејност (*адвокати, нотари, извршители)*)**<br>**41.141,00 денари** |
| ***САМОВРАБОТЕНИ ЛИЦА*** **– вршител на професионална и друга интелектуална дејност *(адвокати, нотари, извршители)* до истекот на првата година на отпочнување на дејност:**<br>**20.571,00 денари** |

## *3. НАЈВИСОКА ОСНОВИЦА ЗА ПРЕСМЕТКА НА ДАНОЦИ И ПРИДОНЕСИ*

Согласно член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување***, НАЈВИСОКА месечна основица*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос е износот ***од (16) шеснаесет просечни плати,*** кој износ **за 2021 година**, изнесува:

**658.256,00 денари (16 x 41.141,00 денари).**

### *3.1. Највисока основица за самовработени лица*

***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за самовработено лице е износот од *(12) дванаесет просечни плати.*

**493.692,00 денари *(12 x 41.141,00 денари)***

### *3.2. Највисока основица за извршен член на одбор на директори, Член на управен одбор, односно управител во трговско друштво*

***НАЈВИСОКА МЕСЕЧНА ОСНОВИЦА*** за пресметување и уплата на придонесите за примањата на Извршен член на одбор на директори во трговско друштво, член на управен одбор во трговско друштво, односно управител во трговско друштво, е износот од ***(16) шеснаесет*** просечни плати, кој **за 2021 година**, изнесува.

**658.256,00 денари (16 x 41.141,00 денари).**

### *3.3. Највисока основица за лице корисник на паричен надоместок, за време на привремена невработеност*

***Највисока месечна основица*** за пресметување и уплата на придонеси за тековната година за лице корисник на паричен надоместок за време на привремена невработеност, ***износува 80% од просечната плата*** по работник во Република Македонија објавена во јануари во тековната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

**32.913,00 денари (41.141,00 денари x 80%).**

**НАПОМЕНА: На износот повисок од највисоката месечна основица, не се пресметуваат и уплатуваат придонеси, само на разликата до највисоката основица се пресметува Данок на доход.**

### *4. ПРЕГЛЕД НА НАЈНИЗОК И НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПРИДОНЕСИ*

| **ПРИДОНЕСИ** | **Стапка** | **Најнизок износ** | **Највисок износ** |
|---|---|---|---|
| Придонесот за пензиско и инвалидско осигурување за месец ***ФЕВРУАРИ/2021 година,*** по вработен | 18,8% | ***3.867,00*** | ***123.752,00*** |
| Придонесот за здравствено осигурување за месец ***ФЕВРУАРИ/2021 година***, по вработен | 7,5% | ***1.543,00*** | ***49.369,00*** |
| Придонесот за вработување за месец ***ФЕВРУАРИ/2021 година***, по вработен | 1,2% | ***247,00*** | ***7.899,00*** |
| Придонесот за професионално заболување за месец ***ФЕВРУАРИ/2021 година,*** по вработен. | 0,5% | ***103,00*** | ***3.291,00*** |
| ***ВКУПНО ПРИДОНЕСИ:*** | **28%** | ***5.760,00*** | ***184.311,00*** |

### *5. МИНИМАЛНА ПЛАТА*

Согласно Законот за минималната плата во РМ („Службен весник на РМ" 24/12; 30/14; 100/14 пт; 180/14; 81/15; 129/15; 132/17; 140/18; 124/19; 202/19; 239/19; 88/20), висината на минималната плата во Република Македонија:

### *6. ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ДАНОК НА ЛИЧЕН ДОХОД*

| **Р.број** | **Период на важност** | **Нето** | **Бруто** |
|---|---|---|---|
| **1.** | **01.01.-30.06.2020** | **14.500,00** | **17.943,00** |
| **2.** | **01.07.-31.12.2021** | **14.934,00** | **21.776,00** |
| **3.** | **01.01.-31.03.2021** | **14.955,00** | **21.776,00** |

### *6.1. Стапки за пресметување на данок на личен доход (од 01.01.2021 до 31.12.2021 година)*

Согласно член 11 од Законот за данок на личен доход ("Службен весник на РМ" 241/2018; 275/19; 290/20), данокот на личен доход за данок од работа, се плаќа со примена на две даночни стапки согласно даночната основа и тоа:

- ***Пропишана стапка во износ од 10% или***
- ***Пресметана стапка од 11,1111%.***

### *6.2. Даночно намалување*

Согласно член 10 став 1 точка 2 од Законот за Данок на личен доход, ***Даночното намалување за 2021*** година, на месечно и годишно ниво, изнесува:

| ***Период*** | ***2021 година*** |
|---|---|
| ***Месечно*** | ***8.438,00*** |
| ***Годишно*** | ***101.256,00 (8.438 x 12)*** |

## *7. ПРАВО НА ПОРАСТ НА ПЛАТИТЕ*

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија („Службен весник на РМ" 70/94; 62/95; 33/97; 50/01; 26/02; 46/02; 37/05; 121/007; 161/08; 92/09; 97/10; 11/12; 26/13; 170/13; 139/14; 147/15), Министерството за труд и социјална политика, објавува:

1.Трошоците за живот за месец **ДЕКЕМВРИ/*2020*** година во однос на месец **НОЕМВРИ** година ***се ПОВИСОКИ ЗА (0,4%).***

2. Право на пораст на платите за месец **ДЕКЕМВРИ/*2020*** во однос на **месец НОЕМВРИ/*2020* година,** изнесува ***(0,2%).***

## 8. РАБОТНИ ЧАСОВИ КОИ СЕ КОРИСТАТ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА РАБОТНИОТ СТАЖ

Работните часови за месец ***ФЕВРУАРИ 2021*** година, изнесуваат: ***160 часа.***

## 9. ПРОСЕЧНА БРУТО ПЛАТА

***9.1. Просечна исплатена месечна БРУТО плата по вработен за месец (XII) ФЕВРУАРИ/2021 година, изнесува:***

***42.227,00 денари***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.21.16 од 23.02.2021).***

***9.2. Просечна исплатена месечна БРУТО ПЛАТА по вработен во претходните три месеци (X-XI-XII/2020 год.) – ФЕВРУАРИ/2021 година изнесува:***

***41.671,00 денари***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.21.16 од 23.02.2021).***

## *10. НАДОМЕСТОЦИ ОД ПЛАТА*

***10.1. Надоместоци од плата за ОПШТЕСТВЕНИ И МЕШОВИТИ правни лица со повеќе од 49% општествен капитал***

Просечна исплатена месечна нето плата по вработен за месец ***(XII) ФЕВРУАРИ/2021 година*** изнесува:

***28.294,00 денари***

*Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.21.17 од 23.02.2021).***

Согласно член 9 од Законот за исплата на платите во РМ, работодавецот може да врши исплата на следните надоместоци, согласно **ОСНОВИЦАТА од** ***28.294,00 денари:***

**За ОПШТЕСЕТВЕНИ правни лица**

| |
|---|
| **РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР**<br>***16.976,00 денари***<br>**(60% од основицата ) (*28.294,00* x *60%)***<br>***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход 11,1111%*** |
| **ОТПРЕМНИНАТА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА**<br>***56.588,00 денари***<br>**(двократен износ од основицата *(2* x *28.294,00)*:**<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 56.588,00 денари*** |
| **ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО*:***<br>***16.976,00 денари***<br>***(60% од основицата) (28.294,00* x *60%)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 16.976,00 денари*** |

### *10.2. Надоместоци од плата за ПРИВАТЕН СЕКТОР*

Просечна исплатена месечна ***НЕТО ПЛАТА*** по вработен во претходните три месеци ***(X-XI-XII/2020 година)*** ***ФЕВРУАРИ/2021 година*** **изнесува:**

***27.925,00 денари***

*(Соопштение на Државниот Завод за статистика на Република Македонија бр.* ***4.1.21.17 од 23.02.2021).***

Износот ***27.925,00 денари*** претставува ***ОСНОВИЦА*** за пресметување на следните надоместоци **за *ПРИВАТНИ правни лица:***

| |
|---|
| ***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР***<br>**Регрес за годишен одмор** (Согласно член 35 став 7 од ОКДПС, Регресот за годишен одмор се исплатува во висина од ***најмалку 40%*** од основицата, под услов работникот да работел најмалку 6 месеци во календарската година кај ист работодавач):<br>❖ ***НАЈНИЗОК износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец ФЕВРУАРИ/2021 година изнесува:***<br>***11.170,00 денари во нето износ***<br>***(27.925,00 x 40%)***<br>❖ ***НАЈВИСОК износ за исплата на Регрес за годишен одмор за месец ФЕВРУАРИ/2021 година во висина на основицата: 27.925,00 денари*** |
| ***ДАНОЧНО ПРИЗНАТ РАСХОД ВО ДАНОЧЕН БИЛАНС***<br>(***40% од просечна месечна бруто плата по работник во РМ објавена до денот на исплатата)***<br>***16.891,00 денари-БРУТО* износ *(42.227 x 40%)***<br>***Се пресметува и плаќа Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |
| ***ОТПРЕМНИНА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА***<br>***55.850,00 денари***<br>(***двократен износ од основицата (2 x 27.925)***<br>***Ослободен од Данок на личен доход до 55.850,00 ден.*** |
| ***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА***<br>***27.925,00 денари***<br>***(во висина на основицата), за најмалку 10 години поминати кај ист работодавец***<br>***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%*** |
| ***ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО***<br>***16.755,00 денари***<br>**60% од основицата – ( 60% од *27.925,00)*** |

***Ослободен од Данок на личен доход до 16.755,00 ден.***

***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА***

***2.234,00 денари***

**(8% од основицата (8% од *27.925,00*))**

***Ослободен од Данок на личен доход до 2.234,00 ден.***

***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО СТРАНСТВО***

- ***50% од утврдената дневница***, ако се поднесе сметка за сместување, како и во случаи кога сместувањето не паѓа на товар на органот на Управата;
- ***20% од утврдената дневница***, ако издатоците за сместувањето и исхраната не паѓаат на товар на органот на управата; и
- ***5% од утврдената дневница***, ако издатоците за стручно оспособување и усовршување не паѓаат на товар на органот на државната управа, а престојот е над 30 дена. Под стручно усовршување се подразбира посета на семинари, курсеви, симпозиуми и други видови средби организиарани во странство на мултилатерална и билатерална основа.

***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК***

***83.775,00 денари***

***во висина од три основици (3 x 27.925,00)***

***Ослободен од Данок на личен доход до 83.755,00 ден.***

***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО***

***55.850,00 денари***

***во висина од две основици (2 x 27.925,00 денари)***

***Ослободен од Данок на личен доход до 55.850,00 денари.***

***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА ЕЛЕМЕНТАРНИ НЕПОГОДИ***

***27.925,00 денари***

(***во висина на основицата)***

***Ослободен од Данок на личен доход до 27.925,00 ден.***

***НАДОМЕСТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СОПСТВЕНО ВОЗИЛО ЗА СЛУЖБЕНИ ЦЕЛИ***

(**во висина до 30%** од цената на литар гориво за соодветно возило по поминат километар).

***Ослободено од Данок на личен доход во висина, најмногу до 3.500,00 денари по возило, месечно.***

***НАДОМЕСТ ПРИ СЕЛИДБА НА ВРАБОТЕН ЗА ПОТРЕБИТЕ ЗА РАБОТОДАВАЧОТ***

**(во висина на стварни трошоци)**

***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

***ТРОШОК ЗА ОРГАНИЗИРАНА ИСХРАНА ЗА 2020***

***5.436,00 денари***

(во висина од **20%** од просечна нето плата, исплатена во претходната 2019 година ***(27.182,00 x 20%)***

***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход над 5.436,00***

***НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ***

**Е**днократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата (***во органот каде што е вработен). Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

## *11. НАЈВИСОК ИЗНОС НА НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ*
### *што го исплатува Фондот за здравствено осигурување*

Согласно член 17 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на РМ" 25/00.....142/16; 171/17; 276/19), највисокиот износ на надоместокот за боледување што се исплаќа на товар на ФЗО во 2021 година, изнесува ***ЧЕТИРИ*** **просечни месечни нето плати исплатени во РМ во претходната 2020 година** ***(4 x 27.182,00 денари).***

***108.728,00 денари***

## *12. НАЈВИСОК ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА за 2021 ГОДИНА*

Највисокиот износ на пензија според статистичките податоци на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување за 2021 година, изнесува:

***49.811,00 денари***

## *13. РЕФУНДИРАЊЕ НА СРЕДСТВАТА за уплатени придонеси за ИНВАЛИДНИ ЛИЦА*

Согласно Упатството за начинот на пресметка и исплата на плати и поврат на придонеси од задолжително социјално осигурување за вработени во заштитни друштва, инвалидни лица кога самостојно вршат дејност како трговци-поединци и други работодавачи кои имаат вработено инвалидно лице, МТСП врши рефундирање на уплатените средства до висина не поголема од ***2 (две) просечни нето плати исплатени во РМ во претходниот месец***, кој за ***месец ФЕВРУАРИ/2021 година*** изнесува(***2 x 27.588,00 денари)***

***55.176,00 денари .***

## *14. МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК на членови на Органи на управување*

Согласно член 9 став 1 точка 4 од Законот за данок на добивка (Службен весник на РМ 25/00.....290/20), **МЕСЕЧНИОТ** надоместок на членовите на органи на управување се исплатува во ***висина од 50%*** од ***Просечната Бруто плата, исплатена во претходната 2020 година во РСМ во висина од:***

***(20.283,00 денари 50% од 40.566,00 денари)***

***Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%***

## *15. ТРОШОЦИ ПО ОСНОВ НА УПЛАТЕНИ ДОБРОВОЛНИ ПРИДОНЕСИ ВО ДОБРОВОЛЕН ПРНИСКИ ФОНД*

Трошоците по основ на уплатени доброволни придонеси во доброволен пензиски фонд се утврдуваат **во висина од износот од 2 просечни Месечни Бруто плати** исплатени во претходната 2020 година, на годишно ниво по вработен, кои изнесуваат:

***81.132,00 денари: (2 x 40.566,00)***

### *16. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ ПРИВАТЕН сектор*

Согласно член 31 од Општиот колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ” 150/12; 189/13; 115/14 пт; 119/15; 150/16), работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** – *која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| Времетраење на боледување | Право на надомест |
|---|---|
| До 15 дена | 70% од основицата |
| Над 15 дена, почнувајќи од првиот ден на боледувањето, за сите денови | 90% од основицата |
| Над 30 дена, кога боледувањето го плаќа работодавачот | 90% од основицата |

***ОСНОВИЦА*** просечен месечен износ на исплатена плата ***на која е платен придонес за здравствено осигурување за последните 12 месеци.***

### *17. ИСПРАТНИНА ПРИ ТЕХНОЛОШКИ ВИШОК*

1. Согласно член 97 од Законот за работни односи (“Службен весник на РМ” 62/05...27/16; 120/18; 110/19; 267/20) во случај на откажување на договорот за вработување од деловни причини (*технолошки вишок)* работодавачот е должен на работникот да му исплати ***испратнина*** *во следните случаи:*

| Години поминати во работен однос | Висина на плата |
|---|---|
| До 5 години | Една плата |
| Од 5 до 10 години | Две и пол плати |
| Од 10 до 15 години | Три и пол плати |
| Од 15 до 20 години | Четири и пол плати |

| | |
|---|---|
| **Од 20 до 25 години**<br>**Над 25 години** | **Шест плати**<br>**Седум плати** |

**НАПОМЕНА 1:** Просечната нето плата на работникот во последните шест месеци пред отказот и истата да не биде помала од 50% од просечната нето плата исплатена по работник во РМ, во последниот месец пред отказот.

**НАПОМЕНА 2**: ***Работен однос, се смета*** времето поминато во работен однос кај ист работодавач и работниот однос кај претходниот работодавач, на кој поради настанатата статусна промена, правен следбеник е последниот работодавач.

**НАПОМЕНА 3**: Испратнината се исплатува со денот на престанокот на работниот однос.

**НАПОМЕНА 4**: Не се пресметува и плаќа Данок на личен доход.

### *18. ДОДАТОЦИ НА ПЛАТА*

Согласно член 24 од Општиот Колективен договор за приватен сектор од областа на стопанството („Службен весник на РМ” 150/12; 189/13; 119/15; 150/16), ***основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:***

- ***Прекувремена работа........................................... 35%***
- ***Работа ноќе............................................................ 35%***
- ***Работа во три смени ............................................. 5%***
- ***Работа во ден на неделен одмор.........................50%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа **зголемена за 50%.** Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време во смени.

***НАПОМЕНА:*** **Основната плата на работникот се зголемува за 0,5% за секоја година работен стаж.**

## *19. НАДОМЕСТ ОД ПЛАТА ЗА ЈАВЕН СЕКТОР*

Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2021 година ("Службен весник на РМ" 307/20), на буџетските корисници им се исплатуваат следните надоместоци:

| |
|---|
| ***НАДОМЕСТОК ЗА ОДВОЕН ЖИВОТ ОД СЕМЕЈСТВОТО*** <br> ***8.378,00 денари*** <br> (**30%** од просечна **Месечна Нето плата** исплатена во РМ во претходни три месеци) ***(30% x 27.925,00)*** <br> ***(Ослободен од Данок на личен доход до 8.378,00 денари*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА РАБОТНИК*** <br> ***30.000,00 денари*** <br> ***Ослободен од Данок на личен доход ДО 30.000,00 денари*** |
| ***ПОМОШ ВО СЛУЧАЈ НА СМРТ НА ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО*** <br> ***15.000,00 денари*** <br> ***Ослободен од Данок на личен доход ДО 15,000,00 денари*** |
| ***ЈУБИЛЕЈНА НАГРАДА*** <br> ***(за најмалку 10 години работа*** <br> ***(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2020 година НЕ Е ПРОПИШАНА)*** |
| ***ДНЕВНИЦИ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА ВО ЗЕМЈАТА*** <br> ***(Согласно Законот за извршување на Буџетот на РМ за 2021 година од 01.01.2021 година*** <br> ***700,00 денари*** |
| ***ОТПРЕМНИНАТА ПРИ ЗАМИНУВАЊЕ НА РАБОТНИК ВО ПЕНЗИЈА*** <br> ***56.588,00 денари (2 x 28.294,00)*** <br> ***(Двократен износ од просечна месечна нето плата по работник во републиката, објавена до денот на исплатата):*** <br> ***Ослободен од Данок на личен доход до 55.588,00 денареи*** |

| |
|---|
| ***РЕГРЕС ЗА ГОДИШЕН ОДМОР*** <br> ***(Согласно Законот за извршување на БУЏЕТОТ на РМ*** <br> ***за 2021 година, НЕ Е ПРОПИШАН).*** |
| ***НОВОГОДИШЕН НАДОМЕСТОК*** <br> ***(Согласно Законот за извршување на БУЏЕТОТ на РМ*** <br> ***за 2021 година, НЕ Е ПРОПИШАН).*** |
| ***НАДОМЕСТ ЗА БОЛЕДУВАЊЕ ПОДОЛГО ОД 6 МЕСЕЦИ*** <br> Еднократна парична помош во висина од една последна исплатена просечна месечна нето плата (***во органот каде што е вработен).*** <br> ***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%)*** |
| ***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА СЕЛИДБА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА РАБОТОДАВАЧОТ*** <br> ***(во висина на стварни направени трошоци).*** <br> ***(Се пресметува и плаќа на Данок на личен доход по стапка од 11,1111%)*** |
| ***НАДОМЕСТ НА ТРОШОЦИ ЗА ХРАНА И ПРЕВОЗ*** <br> ***ЗА ЛИЦА ВОЛОНТЕРИ за ФЕВРУАРИ/2021*** <br> ***6.085,00 денари (40.566,00 х 15%)*** <br> ***(во висина од 15% од просечна месечна бруто плата, исплатена во 2020 година)***: <br> ***Ослободен од Данок на личен доход до 6.085,00 денари*** |
| ***ВРЕДНОСТА НА БОДОТ ЗА ПЛАТИТЕ НА*** <br> ***ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ за 2021 година*** <br> ***81,60 денари*** <br> **Согласно Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за платите на државните службеници (“Службен весник на РМ” 276/2019)** |
| **Просечна месечна БРУТО плата исплатена по вработен за Шифра 84- Јавна управа и одбрана за ЈАВЕН СЕКТОР) – за (задолжително социјално осигурување) за Декември, а се однесува за месец ФЕВРУАРИ изнесува*:*** <br> ***22.424 (50% од 44.849,00)*** |

### *19.1. Надоместоци на плата за време на БОЛЕДУВАЊЕ за ЈАВЕН сектор*

Согласно член 20 од Општиот колективен договор за јавен сектор на Република Македонија, работникот има право на ***надомест на плата – боледување*** – *која се исплатува од страна на работодавачот и тоа:*

| Времетраење на боледување | Право на надомест |
|---|---|
| До 7 дена<br>До 15 дена<br>Од 15 до 21 ден | 70% од основицата<br>80% од основицата<br>90% од основицата |
| за професионално заболување и повреда на работа, давање крв и бременост и раѓање | 100% од основицата |

***ОСНОВИЦА:П***росечна ***исплатена нето плата на работникот во последните 3 месеци.***

### *19.2. Додатоци на плата ЈАВЕН СЕКТОР*

Согласно член 17 од Општиот Колективен договор за **јавен сектор** на РМ („Службен весник на РМ” 10/08; 88/08; 122/08; 85/09), ***основната плата на работникот се зголемува по час најмалку за:***

- ***Прекувремена работа...........................................29%***
- ***Работа ноќе............................................................29%***
- ***Работа во три смени ..............................................4%***
- ***Работа во ден на неделен одмор.........................29%***

За работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон, работникот има право на надомест на платата, што му припаѓа кога во тие денови не работи и плата за поминатите часови на работа ***зголемена за 42%.***

***Додатоците меѓусебно не се исклучуваат.***

Правото на зголемен надоместок по основ на работа во три смени, работникот го остварува само за ефективно поминато работно време во смени.

***НАПОМЕНА:*** **Основната плата на работникот се згоемува за 0,5% за секоја година работен стаж, а најмногу до 20%.**

## *20. ПРИМЕРИ ЗА ПРЕСМЕТКА НА ЛИЧЕН ДОХОД ОД РАБОТА ЗА 2021 ГОДИНА*

### *20.1. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА во висина од 14.955,00 ВО НЕТО ИЗНОС*

| | |
|---|---|
| **1. НЕТО ПЛАТА** | **14.955,00** |
| 2. Даночно намалување за 2021 година | 8.438,00 |
| 3. Основица за данок на доход (1 - 2) | 6.517,00 |
| **4. Данок на доход со 10% (3 x 11,1111%)** | **724,00** |
| **5. Бруто плата 1 (1 + 4)** | **15.679,00** |
| **6. БРУТО ПЛАТА II (15.679 x 1,3889)** | **21.776,00** |
| 7. Придонес за задолжително ПИО (6 x 18,8%) | 4.094,00 |
| 8. Придонес за здравствено осигурување (6 x 7,5%) | 1.633,00 |
| 9. Придонес за вработување (6 x 1,2%) | 261,00 |
| 10.Придонес за дополнително (6 x 0,5%) | 109,00 |
| 11 **Вкупно придонеси (7 +8 + 9 +10)** | **6.097,00** |
| 12 Бруто плата намалена за придонеси (6 - 11) | 15.679,00 |
| 13 Даночно намалување за 2021 година | 8438,00 |
| 14 Основица за данок на доход (12 - 13) | 7.241,00 |
| **15. Данок на доход од 10% (14 x 10%)** | **724,00** |
| **16. НЕТО ПЛАТА (6 - 11- 15)** | **14.955,00** |

### *20.2. Пресметка на МИНИМАЛНА ПЛАТА во висина од 21.776,00 ВО БРУТО ИЗНОС*

| | |
|---|---|
| **1. БРУТО ПЛАТА** | **21.776,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 4.094,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 1.633,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 261,00 |
| 5. Придонес за дополнително (1 x 0,5%) | 109,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 +3 + 4 +5)** | **6.097,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 15.679,00 |
| 8. Даночно намалување за 2021 година | 8.438,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7– 8 ) | 7.241,00 |
| **10. Данок на доход од 10% (9 x 10%)** | **724,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 - 6 - 10)** | **14.955,00** |

## *20.3. Пресметка на личен доход од работа која претставува НАЈНИСКА основица за пресметка на ДАНОЦИ и ПРИДОНЕСИ во висина од 20.571,00 денари во (БРУТО ИЗНОС)*

| | |
|---|---|
| **1.БРУТО ПЛАТА** | **20.571,00** |
| 2.Придонес за задолжително ПИО (1 х 18,8%) | 3.867,00 |
| 3.Придонес за здравствено осигурување (1 х 7,5%) | 1.543,00 |
| 4.Придонес за вработување (1 х 1,2%) | 247,00 |
| 5.Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 х 0,5%) | 103,00 |
| **6.Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **5.760,00** |
| 7.Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 14.811,00 |
| 8.Даночно намалување за 2021 година | 8.438,00 |
| 9.Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 6.373,00 |
| **10. Данок на доход од 10% (10 х 10%)** | **637,00** |
| **11. НЕТО ПЛАТА (1 – 6 – 10)** | **14.174,00** |

**КНИЖЕЊЕ:**

| | | |
|---|---|---|
| 420 – Плата и надоместоци од плата | 20.571,00 | |
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | | 20.571,00 |
| ***- (вкалкулирана бруто плата),*** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 240 – Обврска за плати и надоместоци | 20.571,00 | |
| 2430 – Обврска за нето плата | | 14.174,00 |
| 2340 – Данок од плата | | 637,00 |
| 2347 – Придонеси од плата | | 5.760,00 |
| ***- (за пресметана плата, даноци и придонеси)*****,** | | |

| | | |
|---|---|---|
| 2430 – Обврски за нето плата | 14.174,00 | |
| 2340 – Данок од плата | 637,00 | |
| 2347 – Придонеси од плата | 5.760,00 | |
| 1000 – Трансакциска сметка | | 20.571,00 |
| ***- (исплатена бруто плата).*** | | |

### *20.4. Пресметка на Личен доход од работа која претставува НАЈВИСОКА основица за пресметка на ДАНОЦИ и ПРИДОНЕСИ во висина од 658.256,00 денари (БРУТО ИЗНОС)*

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата** | **658.256,00** |
| 2. Придонес за задолжително ПИО (1 x 18,8%) | 123.752,00 |
| 3. Придонес за здравствено осигурување (1 x 7,5%) | 49.369,00 |
| 4. Придонес за вработување (1 x 1,2%) | 7.899,00 |
| 5. Придонес за дополнително здравствено осигурување (1 x 0,5%) | 3.291,00 |
| **6. Вкупно придонеси (2 + 3 + 4 + 5)** | **184.311,00** |
| 7. Бруто плата намалена за придонеси (1 – 6 ) | 473.945,00 |
| 8. Даночно намалување за 2021 година | 8.438,00 |
| 9. Основица за данок на доход (7 – 8 ) | 465.507,00 |
| **10. Данок на доход од (9 x 10%)** | **46.551,00** |
| **11. Нето плата (1 – 6 – 10)** | **427.394,00** |

### *20.5. Пресметка на Личен доход од работа на основица ПОВИСОКА од НАЈВИСОКА основица за пресметка на даноци и придонеси во висина од 700.000,00 денари (БРУТО ОЗНОС)*

| | |
|---|---|
| **1. Бруто плата** | **700.000,00** |
| 2. Вкупно придонеси за највисок износ | 184.311,00 |
| **3. Намалување на платата за придонеси (1 – 2)** | **515.689,00** |
| 4. Даночно намалување за 2021 година | 8.438,00 |
| 5. Основица за данок (3 – 4) | 507.251,00 |
